СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Петтото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 декември 1993 година

Скопје, декември 1993 година

**V ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 71-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 27.XII.1993 год.**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 52
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 65
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 9, 19, 49, 60, 62, 72
4. АБДИ ФАИК - 48
5. БОЈКОВСКИ ЃОРЃИ - 43, 59, 82
6. БОШКОВ ЈОРДАН - 66
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 117, 121
8. ДАВЧЕВ САНДЕ - 28, 30
9. ЃОРЧЕСКИ БОРКО - 39, 44
10. ЈОВАНОВ РИСТО - 38, 46, 50, 101
11. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 9, 41, 43
12. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 5, 6, 11, 13, 97, 99, 100
13. ЛАЗАРЕБСКА БИЛЈАНА - 92, 114, 120
14. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 56, 62, 66, 74, 83, 91
15. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 86, 89, 90
16. МИНОВ ПАНЧО - 127
17. МУРАТИ ЏЕЛАДИН -11, 97, 101, 102 ( води седница )
18. НИКОЛОВ ЈОВАН - 81, 95
19. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 115, 128
20. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 12, 20, 23
21. ПЕТРОВ ТОДОР – 44, 105, 107, 112, 114, 115, 117, 118, 124
22. ПОПОВСКИ КИРО – 90, 91, 129
24. САБРИУ ИЛИЈАЗ - 2,3,4,8,11,12,13,16,28,30,37,38,54,55,60,76,80,93,95,97 98,100,101
25. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 3, 4, 14, 47, 52, 53, 76
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 16, 63, 74
27. СПИРОВСКИ ИГОР - 24, 33, 108 ( прозивка )
28. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 48, 119, 125, 129, 131
29. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН -17, 57, 68, 70, 77, 79.
30. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР- 84, 90
31. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР – 22
32. ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ - 112, 116, 122, 126, 131

1. Закон за пенз.-инвал. осигур. Т.23 стр.1
2. Предлог закон за раб.односи Т.24 стр.53

-за лекари стр 55-83

продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 декември 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Митко Анастасовски, Гулистана Марковска и Стоиле Стојков, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 23** - Предлог на закон за пензиското и инвалидското осигурување.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор-? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот ЈЗ Предлогот на законот.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 182 став 2, а пратеникот Ташко Киров, поднесе амандман на член 174 став 1 за кои Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија, поднесе амандман на член 193 и во останатите одредби од Законот зборовите "влегувањето во сила се заменуваат со зборовите "со денот на почетокот на примената".

Член 191 став 3, член 198 и на член 194 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Никола Стојановски, поднесе амандмани на член 19 6, член 197, а пратеникот Кирил Ковачевски, поднесе амандмани на член 18 став 1 и на член 19 став 1 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски поднесоа амандмани на член 17 за менување на ставот 5 и на член 174 за менување на ставот 1 по кој Владата не се произнесе.

Пратеникот Михаил Пановски, поднесе амандман за додавање нов член 172-а по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 17, за менување на став 5, поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Илијаз Сабриу..

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот поднесен од пратеникот Стоиле Стојков, Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Стефковски

I/3

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, амандманот што го поднесовме група пратеници, а не само господинот Стоиле Стојков, што е една непрецизност на министерот се однесува на ставот 5 од членот 17 од Законот каде што се дава можност, што без оглед на годините на живот да се биде во работен однос да не се стекне право на старосна пензија се под услов се чека кога ќе се наполни 40 години. Тоа значи некој старец од 85 години може да работи, а ќе имаме маса на млади луѓе невработени.

Фактички ставот 5 како што предложила Владата, се настојува и се овозможува да се работи и по 65 години старост. Со тоа се надминува основната граница на животот која треба да биде лимитрачка во однос на стекнувањето на право на старосна пензија. Во таа смисла нашиот амандман се однесува дека лимитот е 65 години и дека над 65 години треба да биде основниот услов за стекнување на право на старосна пензија. Овој наш амандман е во духот и на заложбите кои во своите барања ги избори и Синдикатот на Македонија.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот поднесен од група пратеници рековме дека не се прифаќа. Но, ова образложение што го кажа пратеникот Стефковски исто така не се прифаќа, бидејќи овој закон го регулира правото за остварување на пензија, не го регулира правото од работен однос. Имаме втор закон на дневен ред кој го регулира правото и кога му престанува на работникот работниот однос. Спрема тоа, на работникот му престанува работниот однос со исполнување на 65 години, а тука остварува право на пензија со 20 години стаж и најмногу 63 години на живот. Мислам дека не би требало да ги мешаме овие две работи и од тие причини, јас не сакав пред малку да кажам, ние не можеме да го прифатиме овој амандман. Тоа е сосема друга проблематика која ќе се гледа во другиот закон

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Пред малку пропуштив да го прочитам членот "осигуреникот се здобива со право на староснa пензија кога ќе наполни 40 години, маж односно 35 години пензиски стаж жена, без оглед на годините на живот" Овој закон се применува за одење во пензија.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Ова што го чита господинот пратеник воопшто не се спорно. Тоа е така и ние тоа го велиме. Овде се остварува право на пензија Ве молам, не се зборува ниту за престанок на работниот однос и спрема тоа немам коментар на ова ваше излагање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18)

18 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17, за менување на ставот 5 поднесен од пратениците Стоиле Стојков,

Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен - од пратеникот Кирил Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој амандман е во врска со намалување на старосната граница а тоа е на членот 18.

Во членот 18 став 1 во точка 1 бројката "7" се заменува со бројката "12". Во точката 3 бројката "5" се заменува со бројката "4" во точката 4 бројката "4" се заменува со бројката "3" во точката

5 бројката "3" се заменува со "две години и шест месеци" и точката

6 наместо бројката "3" се заменува со бројката "2".Заради ова го давам следното образложение.

Забелешките по Нацрт-законот на оваа одредба не беа прифатени од предлагачот. За ова имавме забелешки, но предлагачот не ги прифати со несоодветно образложение што всушност претставува нивно игнорирање. Суштината на забелешката се состои во тоа што намалувањето на старосната граница кај случаите кога стажот на осигурување се смета во зголемено траење треба да е обратно пропорционално на степенот на зголемувањето на траењето на стажот за осигурување. Сразмерата во тие обратно пропорционални движења треба да тендира кон знакот дна равенка. Имено, во каква пропорција се признава зголемениот стаж во таква треба да се намалува старосната граница. Тоа е поентата. Така,ако за секои 12 месеци ефективно поминати се сметаат 15 месеци стаж на осигурување, т.е. три месеци повеќе или 25%, тогаш на секој четири години се скратува ефективното време за една година што значи четири по три се 12 месеци. Со тоа се намалува и старосната граница. Предлагачот оваа забелешка не ја респектирал така затоа моравме да дадеме амандман така што доколку остане предложеното решение од членот 18, тоа ќе претставува непрецизност и несоодветност на законското решение. Гледаме да помогнеме тука, но колку ќе се прифати тоа е ваша работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 18 став 1, поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 1, поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Со оглед дека решенијата во членот 19 се исклучиво договорени со ММФ и Светската банка и се однесуваат исклучиво на нови пензионери, не се однесуваат на овие 207.000 пензионери кои ги има во Македонија, цениме дека не би требало да се прифати амандманот на господинот Ковачевски и Владата не го прифати тој амандман.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, но идните пензионери не им се пишува розово, нека знаат. А знајте и вие пратеници што се пред пензија, а и ќе, дојдете, а и за другите ќе дојдат до пензија.

Амандманот на членот 19 е за пензиската основица. Предлагам во членот 19 став 1 зборовите: "за време на вкупното траење" да се заменат со зборовите: "за време од десет најповолни години". За тоа го давам следното образложение.

Во членот 19 од Нацрт-законот даден е предлог за постепен премин од 10 најповолни години кон вкупен пензиски стаж за утврдување на пензиската основа. Да имаше преодно време постепено да оди тоа, но предлагачот не го цени тоа. Предлагачот ваквата сугестија ја игнорира, а јас сум должен да обрнам внимание на последиците. Тврдењето дека радикалната промена во пресметувањето на пензиската основа ќе ја намали пензијата во споредба со пресметувањето според досегашното решение за 8% во просек или од 2% до 16% максимум. Најблаго речено е неуверливо. Тоа може да биде некој 2 %, некој 16% ќе има помала пензија а може и 20 и повеќе проценти. Впрочем не е прв пат да се предлагаат законски решенија со нереални квантитативни проценки кои по правило во практиката се демантирани. Нашата сугестија за постепен премин од најповолните десет години кон вкупниот стаж требаше да ја ублажи во еден подолг временски период разликата што се јавува меѓу двете методологии за утврдување на пензиската основа. Состојбата дополнително ќе се влоши за сметка на идните пензионери со промените што ги носи членот 33 каде стапката на пензијата што се пресметува од основата се намалува од досегашните 85 на 80%.

Во образложението предлагачот на страница 20 наведува дека се работи за минимална граница што е очигледно неточно, бидејќи станува збор за максимална стапка. Осетниот остар премин во годините на стажот за пензиска основа и намалувањето на максималната стапка за 5% ќе создадат револт кај сите идни пензионери. Ве молам вие идни пензионери малку бидете внимателни затоа што се однесува на вас ако не работите и бизнис, ако работите бизнис тогаш не е интересно за вас дал тоа свесно ќе се прави со цел да се иницира ревизија на правата односно висините на утврдените пензии на досегашните пензионери. Значи, кога ќе се создаде револт сигурно ќе се бара ревизија да го знаете тоа или се некои други мотиви на предлагачот, не сум сигурен, но

сериозни протести ќе може да се очекуваат имајќи ги предвид тактичките маневри на предлагачот на Законот, во текот на неговото донесуваше како на пример решението за вкупниот стаж како пензиска основица. Во претходните фази фигурираше како алтернатива евентуална можност без цврста поткрепа законот да се уфрли како решение во последната фаза на донесувањето на законот. А исто и намалувањето на стапката е уфлено во последната фаза кога поширокатa јавност не е во можност да се произнесе и да реагира. Ова се на префат иде,да знаете. Со оглед на тоа што постапката за промени е посложена, амандманска и нема можност за корекција и сега ако не ја извршиме оваа корекција драги идни пензионери не ви се пишува розово нешто.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Прво да кажам дека ова решение е старо решение односно во три фази на законот. Не е решение кое е на препат како што беше изнесено, бидејќи не е во оваа фаза. Него тоа беше алтернатива во претходните две фази и за тие решенија доста расправавме и во Собранието и на надлежните комисии а исто така морам да кажам дека и во оваа Собрание уште поодамна е, анализирана состојбата во пензиско - инвалидското осигурување односно во Фондот и е укажано да се пристапи кон земање како пензиска основа целиот работен стаж, односно за тоа колку сме платиле толку и треба и да си земаме. Имавме ние појави нелогични бидејќи последната пензија изнесуваше поголема од последната плата на дотичниот пензионер во досегашниот "период. Од тие причини и дојдовме до една ваква состојба што ја имаме денеска во Фондот за пензиско инвалидско осигурување, кога имаме огромен дефицит и затоа имаме и тешки проблеми во таа област.

**ИЛЈАЗ САБРИУ**: (продолжение)

Оваа мерка, и Владата, а реков дека е поддржана од страна на ММФ, е исклучиво економска и треба така да се прифати. Никој нема намера да ги доведе идните пензионери во ваква или таква состојба, но ќе ги доведе во состојба колку ќе плаќаат толку треба и да си земат и со оглед дека Македонија има податоци од 1970 година, според овие податоци тоа ќе изнесува за наредните пензионери 23 години, а не 10 најповолни години. Такви решенија не се познати ни во светската пракса човек да оди во пензија, да избере 10 најповолни години и од тоа да се пензионира и да го користи правото на пензија. Тоа беа некои бенефиции досега, кои доведоа до една ваква состојба, а исто така и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Од тие причини не можеме да го прифатиме амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Понудениот амандман и решенијата што се сместени во Предлогот на законот за пензиско и инвалидско осигурување, веројатно гледано од призма "на генерација, ќе бидеме љубоморни дека некоја генерација кога требало да оди во пензија користела одредени привилегии во стариот закон и најнормално ги бирала оние 10 најповолни години. Меѓутоа, ние сме таа генерација која треба можеби да исправи одредени грешки кои се направени во системскиот закон за пензиско и инвалидско осигурување, во кој дел мислам дека и претходното Собрание и делегатите кои биле во тоа Собрание, свесно или несвесно, направиле таква одредба која во себе немала економска основа. Не случајно се избрале најповолните 10 години и без„разлика на тоа, помалку вложува средства отколку, што треба да ги користи за пензиско и инвалидско

осигурување. Јас не сум љубоморен на таа генерација и на оние пензионери кои го користеа тоа право, меѓутоа, на некој начин како пратеник во овој Парламент ја поддржувам посочената одредба во Предлогот на законот токму заради тоа што сега се размислува и е во интерес на наредната генерација заради тоа што овој елемент доста ги нарушува токму односите во пензиско инвалидското осигурување, заради тоа што нема пензиска основа.

Втора работа, за мене многу битна: ако ги експлоатираме работниците и да кажам некоја одредена категорија граѓани кои биле поповолни или неповолни, јас можам да кажам дека 96% од корисниците на правото на пензиско инвалидското осигурување немале некој благодет во однос на одредбата која била сместена во Законот за ПИО, оние 10 поповолни години. Меѓутоа, се работи за 6%, можеби 8% на одредени корисници на пензија односно идните пензионери кои требаа да го користат тој благодет, заради промена на своите работни задачи и не случајно некој работник односно лице кое навремено бил со средно образование, учествувало во пензискиот систем со одреден износ на средства според личните доходи кои ги користел и некој функционер да не кажам или директор, кој двапати едноподруго ќе биде функционер или директор, кој го користи ова право.

Во таа смисла, мислам дека треба да ја поддржиме одредбата и која е поместена во Законот, без разлика што не погодува како генерација меѓутоа, тоа не е пракса во светот што ја имаме во претходниот закон. Затоа ја поддржувам одредбата во Законот, а не го прифаќам амандманот.

Меѓувреме со седницата продолжи да раководи потпретседателот Џеладин Мурати).

Има збор господинот Кирил Ковачевски.

II/3.-

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Потполно сум согласен со министерот што кажа дека има дефицит на средства, но тој дефицит ќе биде само за сметка на идните пензионери. Тие идни пензионери за иста работа со претходните пензионери некој ќе има за иста работа и исто работно место дури 20% помалку примања и не може да дозволиме само идните пензионери да страдаат, а овие пензионери на пример што имаат големи примања во Републиката, имаме и такви пензионери што имаат и 34.000 денари последна пензија што зеле. За средните и за ниските пензии сум согласен, ама за тие високи пензии не сум согласен.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 19, став 1 поднесен од пратеникот Кирил Ковачевски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 172-а поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

II/4.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Пред да почнам да го образложувам амандманот, сакам да искажам едно задоволство што некои залагања кои беа овде искажани од моја страна, при разгледувањето ан Предлогот за донесување на законот, Владата ги прифати, посебно делот кој што се однесува за изворите за прибирање на средствата во Фондот да биде вклучен и Републичкиот буџет. Тоа веќе е регулирано во членот 172. Затоа, едно од моите залагања што ен беше прифатено беше после членот 172 да се додаде нов член 172-а со кој ќе се регулира редовноста на исплаќањето на пензиите на пензионерите. Конкретно во дадениот амандман предлагам, најдоцна до 10-ти во месецот да бидат исплатени пензиите од претходниот месец. Сметам дека има основа за предлагање на овој амандман, со оглед на тоа како што кажав пред малку и Републичкиот буџет ќе биде еден од изворите на средствата на Фондот. Сметам дека ова доцнење на пензиите по неколку месеци, а при една ваква инфлација, ги доведува во една многу непријатна ситуација и нерамноправна ситуација пензионерите. Затоа, сметам дека овој амандман господа пратеници треба да го прифатите. Доколку ваквиот амандман не се прифати, тогаш треба да предложиме амандман сите што се издржуваат од пензија, ако ништо друго барем да не ги плаќаат оние камати што им ги наметнуваат јавните претпријатија. Не може некој на кој му доцни пензијата три четири месеци, а притоа сметките редовно си доаѓаат за парно греење, струја, вода, да им се наметнуваат огромни камати.

Затоа, предлагам овој амандман да го изгласаме, па и така Владата ќе може на поефикасен начин да го регулира ова досегашно доцнење.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Добро би било и ние ако успееме да ги исплатиме пензиите 10 дена пред први. Тоа се залагања и на оваа Влада, веројатно и на другите

II/5.-

влади. Меѓутоа, реалноста е тука и не може да се бега од тоа.

Второ, Владата не може, бидејќи Владата не ги обезбедува средствата за исплата на пензиите. Владата учествува со свој дел од Буџетот за оние пензии за кои има обврска да ги исполнува, било да се тоа земјоделски, воени или некои други. Средствата за пензиите се обезбедуваат од страна на Фондот за ПИО. Според тоа, Владата не може и не може на Владата да и дадеме некоја таква обврска, таа да земе обврска до 10-ти во месецот да ги исплатува пензиите во Република Македонија. Инаку, залагањето е добро, сите ние правиме напори тоа да се исплатува барем на први, ако не може порано, но состојбите во стопанството се такви што навистина ќе биде голем успех ако успееме она што го кажавме и на минатата седница да го намалиме тоа задоцнување не од два месеци туку за месец дена. Според тоа, мислам дека тука можеме да расправаме колку треба и колку не треба, меѓутоа, реалноста во стопанството е тоа и Владата не може да земе таква обврска.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Владата што не може на време да обезбеди давање на пензиите тоа е нејзин проблем. Таа е должна пензиите на пензионерите да бидат на време. Еве, ќе ви покажам од Тетово, 140 потписи имам тука на пензионери, тоа ми го дадоа непосредно пред моето доаѓање, па што велат. Прашува: зошто не се исплатени пензиите на пензионерите за месец ноември и декември, каков е ставот на Владата и Фондот за исплата на истите, бидејќи се слушаат гласини дека истите нема да се исплатата и ќе бидат оштетени пензионерите за две месечни пензии од 1993 година. 140 души се потпишале и тоа ми го дадоа. Владата е должна да обезбеди, а ако не може да си обезбедува, тогаш сигурно си дава оставка.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Најлесно е па се поднесе оставка, но најтешко е да се најде решение, да се понуди решение.

II/6.-

Јас уште еднаш укажувам на господинот Ковачевски дека Владата не обезбедува средства за пензионерите. Владата учествува во еден дел од обезбедувањето на средствата согласно законите. Средствата за исплата на пензиите ги обезбедува Фондот за ПИО. Според тоа, мислам дека тука нема нејасно,само ако сакаме еве еден рејтинг овде пред пратениците односно пред јавноста да кажеме дека Владата не чини напори. Оваа Влада чинеше и чини напори октомвриската пензија да се исплати, тоа што беше и договорено со пензионерите и таа октомвриска пензија веќе ќе се исплати за сите. Утре да почнува исплатата и за третата група и веќе нема никакви проблеми. Нашите напори во натамошниот период се овие два месеци задоцнувањето да се намали само на месец дена, бидејќи за месец дена и ние односно сите работници и граѓани во Македонија немаат плата.- Платите доцна во Македонија 20-25 дена. Пензиите сега во моментот доцнат месец дена повеќе од платите. Наши напори се овие мерки за овие решенија што ги имаме во Законот, предложени во овој закон доколку сите децидно ги спроведуваме, очекуваме дека во 1994 година ние ќе ги средиме состојбите во областа на пензиско инвалидското осигурување и нема потреба за никаков дефетизам или ширеше на некои вести кои не се потребни, барем во овој миг.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Прво, сакам да укажам дека министерот нема никакво право да дава оценка за пратениците и за нивните предлози. Особено она последното што го изјави, тоа е токму на таа линија. Министерот може само да одговори вака или онака, а не зошто пратеникот Мисли ова или она. Едноставно ние како општество и држава се наоѓаме во криза и нормално е дека во такви услови никоја политичка партија не прави рејтинг на говорницата. Со тоа сум многу јасен и му одговарам на министерот.

II/7.-

И ние сме овде за доброто на народот и ако пратеникот Ковачевски оценил дека во ова кризно време Владата е таа која што треба да обезбедува пензии за сите пензионери, тоа е негово право, а не е никаков рејтинг.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, ова немаше врска со предложениот амандман.

Има збор пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, пратеникот Михаил Пановски јас го разбрав а ако не сум го разбрал нека ми прости , токму за гаранцијата на корисниците на правото на пензија за кои учествува државата односно преку Буџетот. Ќе беше фер одговорот на министерот да беше колкаво е учеството на државата во измирувањето на ставките во пензиите надвор како учество на Фондот, а надвор од обврските на стопанството или осигурениците, па да се види колку влијае одлуката на Владата за целосното задоцнување на сите пензии, затоа што Владата не ги исплаќа и не ги обезбедува своите обврски, доаѓа до целосно задоцнување. Значи, секој носи посебно своја вина, а овде по правилото сите сме за еден, еден за сите, Владата стоејќи на старите позиции, во старите норми, штом не ма еден фонд и ние ќе се скриеме зад таа болка.

Друго што господинот Пановски задена едно прашање за пресметување на камати заправо затезни камати од страна на јавните претпријатија. Господа пратеници, ние сме должни да застанеме во заштита на овие против кои се злоупотребува правото. Јавните претпријатија не се овластени пред поднесување на тужба да засметуваат камата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Не се на дневен ред затезните камати.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, сите јавни претпријатија одредуваат рок до кога да се плати и веднаш со чекот, односно со доставување, дали е чек или некое друго средство за плаќање со кое го повикува должникот да плати, му ја засметува и обврската за плаќање на казната. Според ова, пензионерите неправилно се задолжуваат и ова е момент сега кога треба да ги заштитиме од наезда на јавните претпријатија. За пензиите Пановски јас го разбрав, ако државата не ги обезбеди, тогаш е основач на јавните претпријатија, да не им дава можност тие да запишуваат затезни односно казнени камати на корисниците на пензиите. И така треба да се разбере интервенцијата на пратеникот Пановски.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Господинот Пановски го разбрав онака како што тој го напишал амандманот. Амандманот гласи: "Владата на РМ е должна најдоцна до 10-ти во тековниот месец да обезбеди средства за исплата на пензиите од претходниот месец". Да, за пензиите но не кажува за оној дел колку учествува.

Да ве информирам бидејќи одговор бараше пратеникот Стојановски, Владата односно Буџетот во Фондот за ПИО обезбедува 10 до 11% годишно и тоа почнувајќи наназад четири - пет месеци таа редовно ги извршува обврските и во последните два месеци таа авансира, уплатува повеќе средства во Фондот за ПИО, само со една намера да ги средиме состојбите во областа на ПИО и не должи ништо, туку напротив таа авансира однапред пари во Фондот за ПИО.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, нешто би продискутирал во полза на колегата Кирил Ковачевски, дека сето она што овде го донесуваме и Владата има свој дел во донесување на овие закони и ние како пратеници што, дигајќи 2 прста ги одобруваме или не ги одобруваме амандманите, односно законските прописи.

Во изминатите денови на истата оваа седница беше донесен и Предлогот на закон за ограничување на изворните приходи на финансирање на јавните потреби за 1994 година. Во членот 2 по точка 3, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија треба да се обезбедат или не треба да се пречекорат изворните приходи 14 милијарди 189 милиони денари.

На истава оваа седница, пред неколку дена, кога дискутиравме за Предлогот на законот за персоналниот данок на доход, рековме дека ќе бидат овие, а и овој случај за Фондот на ПИО оптоварени со 23% на данок. Понатаму, кога беше дискутирано

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За амандманот само да се задржиме.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Кога беше дискутирано за Предлогот на одлуката за стапката на придонесот за ПИО тогаш кажавме колку се зголемува стапката. Според тоа, влегуваме во една мрежа каде треба да видиме кој дава, колку дава односно до каде се ограничуваат средствата. И, со тоа дали Фондот за ПИО во иднина ќе може да опстане со вакви оптоварувања како што персоналниот данок на доход.

III/2

Имено, ако годишно се одобруваат 14 и неколку милијарди денари, тогаш месечно ќе треба Фондот да исплаќа околу милијарда и 200 милиони денари. Персоналниот данок на доход ќе биде некаде околу 250 милиони денари. Дали во Фондот ќе можат да се соберат од тие 2 или 3% што ја зголемивме давачката за ПИО.

Според тоа, предлогот на амандманот што го поднесе колегата Кирил Ковачески, тој е во право. Затоа што и Владата има удел, затоа што со донесување на овие закони Владата може некаде сама да влезе....

(Интервенција од место од страна на претставникот на Владата)

Повели, и ти кажи и за амандманот и за нешто друго. Кога луѓето дискутираат, дискутираат и работи што не се. Меѓутоа, за да ги поврзам работите, затоа нешто малку пошироко изнесов некои работи. А и вие сами да разберете, дека 250 милиони денари колку што ќе треба Фондот да ги издвои за персонален доход не е една мала играчка колку што би изнесувал еден ручек, да речеме на еден пензионер. Според тоа, во тој Фонд ќе требаат судни маки за да се соберат тие пари и пензиите да бидат исплатени.

Според тоа, го поддржувам амандманот на колегата Кирил Ковачевски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тука не станува збор за амандманот на Кирил Ковачевски бидејќи тој беше изгласан и не беше прифатен од страна на Собранието. Станува збор за амандманот на г-динот Михаил Пановски.

Треба да следиме, а не со задоцнување да реагираме на амандман.

Збор побара г-динот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи наредниот амандман 174 и 172 имаат една меѓусебна врска и затоа станав да дадам едно појаснуваше како јас го гледам овој проблем, заради тоа што немавме можност на Комисијата за труд и социјална политика да расправаме по овие амандмани и да се расчистат овие поими, а со тоа да донесеме и свој заклучок и став како понатаму треба да се однесуваме.

Сакам да ве известам дека ние како Собрание уставно се определивме и разграничивме одредени односи во ПИО, односно се определивме за фондови. Формиравме 3 фонда: за здравствено осигурување, аз пензиско - инвалидско осигурување и Републички завод за вработување. Самата таа определба веќе не носи кон тоа дека овие фондови се правни субјекти, самостојни правни субјекти што треба сега да ги разрешуваат одредените проблеми, а сосема е друго прашањето кога треба да се плеткаат овде 3-те субјекти: државата, работодавачот и работникот, односно осигуреникот. Така што главната борба помеѓу усогласувањето на стапката на придонесот каква ќе имаме, каква сигурност ќе имаат идните осигурени лица односно пензионерите, не зависи сега конкретно од државата, туку зависи од тоа што државата тоа право го пренела на фондот за ПИО како единствен правен субјект што треба да ги регулира овие односи во оваа сфера.

Ако ние сакаме сега државата да биде пак гарант, најдиректен гарант, треба сега да не постои одреден фонд туку тоа да оди исклучиво преку буџет или државата да измисли некој свој модел, некоја форма како треба да го финансира ова право.

Меѓутоа, во светот е јасно, со формирањето на фондот се пренесуваат овие права. Друго е сега прашањето колку овој фонд е

флексибилен и колку на фондот му овозможувавме или сега треба да му овозможиме да ги оплоди средствата што се во фондот. Практично, до сега не дозволувавме нашите средства што беа во фондот за ПИО, а беа статични, практично девалвираа, не ја следеа инфлацијата и доаѓаме во ситуација, сакаме фонд меѓутоа сакаме гарант држава. Е, нема тоа. Или држава, или фонд. Државата овде исклучиво ќе се занимава со проблемите од социјална заштита и заради тоа таа треба да ја креира и да овозможи средства за категорија што може да се најде во положба од социјална потреба. А јас лично, како осигуреник, преку моите средства треба да ми се овозможи да си обезбедам и економска и социјална сигурност.

Во таа смисла Пановски сосема исправно предлага кога тврди дека треба некои да гарантира за состојбата на пензионерите околу исплатата на пензиите. Меѓутоа, во оваа ситуација да обезбедиме услови на Фондот кој е должен тоа да го прави. Ако не го прави, тогаш треба да го преформулираме или таа надлежност да му ја одземеме и ја дадеме на друг.

Од таа смисла не се прифаќа овој амандман. Дури и оној амандман што се однесува на членот 174 поднесен од наредните пратеници. ...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овде беше кажано од неколку пратеници,и министерот дека фондот е. самостојна институција. Јас ќе кажам една работа во која сум длабоко уверен,иако тој фонд е самостојна институција, точно е дека не само оваа Влада, сегашна, зборувам за оние претходни повеќе влади дека имале огромни ингеренции врз тој фонд, дека на тој начин го испразниле тој фонд, не верувам дека овие

претходниве неколку повеќепартиски влади, но сигурен сум онаа на Гоговски па и пред тоа дека го испразнија тој фонд. Затоа сме сега во таа ситуација некој да не може га земе пензија по 3-4 месеци.

Кога веќе збориме, како што кажа претходниот дискутант, г-динот Арсовски дека фондовите се самостојни правни субјекти, со тоа би можел да се сложам, тоа дефакто е така. Но, штом некој ја креира кадровската политика, а тоа во овој случај е Собранието и Владата, штом некој друг наметнува кадровски решенија, за мене тие не можат да бидат самостојни субјекти. Тоа се зависни субјекти од нас како Собрание и од Владата како извршна власт.

Затоа не би можел да се согласам со овие констатации и барам мојот амандман да биде усвоен и на оваа категорија граѓани, а таа не е мала, тоа се над 200 илјади пензионери да не ги доведуваме во ситуација да не можат да се прехранат бидејќи и членот 1 од нашиот Устав вели дека Македонија е социјална држава. Ако сме социјална држава, тогаш да не создаваме социјални држави од луѓе кои работеле 40 години, придонесувале за развојот на оваа држава, од луѓе кои се бореле за оваа држава 4 години, луѓе кои во таа борба останале инвалиди а сега ги доведуваме во ситуација да немаат леб да јадат, да не можат да ги платата каматите од сметките на јавните претпријатија врз кои најдиректна ингеренција има оваа Влада и ние како Собрание.

Уште нешто, сметам дека не можеме да ги заборавиме обврските што ни ги наметнува некоја претходна наша институција. Ако денеска сме Влада, мораме да ги прифатиме обврските што ги создале претходните влади. Тие влади што придонеле за празнење на овие, конкретно„пензискиот фонд. Бидејќи постојат основани сомневања,

имаше и пратенички прашања на оваа тема, дека парите од фондот оделе за разно разни други работи што немаат врска со исплата на пензии на пензионерите.

Затоа ве повикувам, очигледно дека нема кворума за работа, мислам нема 61 пратеник, барам од претседавачот, потпретседателот на Собранието да обезбеди нормални услови за гласање, да има 61 пратеник кога ќе се гласа и ги повикувам сите пратеници да гласаат за овој амандман.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас би сакал само со неколку реченици да кажам, мислам најдобар начин за поддржување на поднесениот амандман не е во смисла на тоа да се изгласува сега амандман, туку во зголемувањето на ригорозот во однос на финансиската контрола.

На Комисијата за труд и социјала, претседателот тука не нагласи, меѓутоа подолго се дискутираше за меѓу другите ингеренции на Фондот на Управниот одбор да се даде право покрај ново- формираната финансиска полиција да му се дозволи на Фондот во подрачните единици каде што увидот е многу лесен да се врши точна контрола дали редовно се вршат исплатите за пензионо. И самите знаете дека во последно време и поголемите работни организации на некој начин прибегнуваат кон уплатата не само во фондот за пензионо туку и во другите фондови за здравство и други давачки што се на бруто личниот доход да ги избегнуваат плаќајќи во натура и давајќи друг вид на исплата итн.

Мислам дека ова решение е најцелисходно и преку него ќе се огледа должноста на Владата за помагање на оваа категорија

пензионери, особено на оние со најниски лични доходи. Мислам дека се залудно сега да зборуваме дека се работи за категорија кога не е во состојба покрај своето нормално живееше така да кажам има и некои екстра давачки итн. со една реченица тоа е категорија особено со ниските лични доходи која исклучиво живее од тој приход и навистина треба во таа смисла стално да се имаат предвид. Меѓутоа, гледате и чинот, дел од зголемувањето сега на нафтените деривати, нафтата и т.н. и т.н. ќе оди во прилог на тој фонд и јас мислам дека ние како Собрание ќе дочекаме во наредните месеци состојбата по тој основ да се стабилизира.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Пред тоа да утврдиме точен број на присутни пратеници.

Информиран сум дека можеме да продолжиме со работа.

Кој е за, молам да крене рака. (20 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од г-динот Михаил Пановски.

Има збор г-динот Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Доколку имам поддршка од 10 пратеници, барам поединечно изјаснување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали има 10 пратеници кој го поддржуваат предлогот? (Има)

Го молам секретарот на Собранието да пристапи кон чинот

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | (против) |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | воздржан |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | (за) |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | за |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | воздржан |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | не е тука |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ТОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | не е тука |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | воздржан |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | не е тука |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | воздржан |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | против |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | (за) |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | (не е тука) |
| 44. ТАШКО КИРОВ | (за) |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | (не е тука) |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | (за) |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | (не е тука) |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | (не е тука) |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | (не е тука) |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | (за) |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | (не е тука) |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | (не е тука) |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | (за) |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | (не е тука) |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | (воздржан) |
| 56, ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | (не е тука) |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | (воздржан) |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | (против) |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | (воздржан) |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | (воздржан) |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | (за) |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | (за) |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | (воздржан) |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | (воздржан) |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | (воздржан) |

66. НАИФ МУСТАФА (против)
67. ПАНЧЕ НАСЕВ (воздржан)
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ (не е тука)
69. СИМОН НАУМОСКИ (воздржан)
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ (не е тука)
71. ЈОВАН НИКОЛОВ (воздржан)
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ (воздржан)
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ (за)
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ (воздржан)
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ (не е тука)
76. ТОДОР ПЕТРОВ (за)
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ (за)
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ (не е тука)
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ (за)
80. КИРО ПОПОВСКИ (воздржан)
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ (не е тука)
82. НИКОЛА ПОПОВСКИ (против)
83. ШАБАН ПРЕВАЛА (не е тука)
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ (за)
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ (не е тука)
86. ИВАН РАМБАБОВ (не е тука)
87. ШУКРИ РАХИМИ (воздржан)
88. ФЕРИД САДИКУ (воздржан)
89. НЕИМ СЕЛМАНИ (не е тука)
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ (не е тука)
91. АЦО СПИРОВСКИ (не е тука)
92. РИСТО СТАМЕНОВ (не е тука)
93. РИСТО СТАНКОВСКИ (не е тука)
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ (за)
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА (не е тука)
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКК (против)
97. НИКОЛА СЃОЈАНОВСКИ (воздржан)
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ (за)
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ (не е тука)
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ (воздржан)
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ (воздржан)

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ (не е тука)
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ (за)
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ (за)
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ (против)
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ (не е тука)
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ (не е тука)
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ (за)
109. АГИМ ФАЗЛИУ (воздржан)
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (не е тука)
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ (не е тука)
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ (не е тука)
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ (против)
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ (против)
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ (воздржан)
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ (воздржан)
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ (против)
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ (не е тука)
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ (воздржан)
120. ХИСНИ ШАКИРИ (не е тука)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 69 пратеника, од кои 24 за, 18 против и 27 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 172-а, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 174 за менување на став 1, поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Томислав Стефковски и Кирил Ковачевски, како и пратеникот Ташко Киров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата го прифаќа овој амандман и укажува дека со прифаќањето на овој амандман треба да претрпат измени членовите 160 точка 4 и 16 3 точка 5.

Исто така укажувам дека во некои членови каде пишува "финансиски план на Фондот", треба да стои "Буџет на Фондот".

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 182, став 2, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувани пратеници јас би почнал прво при образлагањето на овој амандман од Уставот кој го усвоивме и во член 35 пишува "Републиката гарантира право и помош на немоќните и неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на

инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

После Уставот ние донесовме неколку закони со кои ги избришевме бенефициите кои ги уживаа заштитните работилници или претпријатијата за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди

Фондот за здравство го плаќаше секој ден боловањето за инвалидот со цел да го намали оптоварувањето на здравите работници што работат во оваа заштитна работилница. Со донесувањето на законот за здравство за инвалидите самата организација го плаќа боловањето од 1 до 30 дена. Тоа значи едно големо оптоварување за организациите за професионална рехабилитација, бидејќи инвалидите почесто се на боловање.

Второ, со донесувањето на законот за данокот на промет овие организации повторно ги ставивме во една неповолна ситуација бидејќи нивните производи сега ќе се продаваат во делот, во повеќе стапки ќе се продаваат со данок на промет, што претставува едно ново оптоварување за нив. Сега на дневен ред е придонесот за отплата на пензиско - инвалидско осигурување.

Мора да објаснам дека при работата инвалидите со психофизички недостатоци не можат едноставно да ги извршуваат своите задачи, за што мора здравите вработени во овие работилници да им помагаат. Не зборувам за тоа дали треба целосно да бидат ослободени од плаќање на придонес или делумично, но сигурен сум дека еден дел од губењето на времето на здравите работници во овие заштитни работилници треба да се надокнади со Буџетот. Не зборувам дека треба пензионерите тоа да го плаќаат, туку дека треба да биде од Буџетот. Токму затоа се зборува и за Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, а не само за пензиско осигурување.

Сметам дека овој амандман треба да биде поддржан од колегите.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Во членот 182 стои "Владата односно Буџетот на Републиката ги плаќа придонесите за инвалидите". Во тие инвалиди влегуваат и психофизички и трудови инвалиди, сите инвалиди, кои ги имаме некаде околу 2.30 0 во Република Македонија.

Во врска со амандманот на господин Давчев доста расправавме и на Комисија и онака и не сме во можност да го прифатиме од причина што за здравите работници, кои се вработени во тие претпријатија, а ги има од 5 до 7 илјади не може од Буџетот да бидат платени, бидејќи тие остваруваат доход и нема никаква логика заради тоа што има вработени кои помагаат во процесот на производството итн., да биде ослободен и тој здрав, така да за инвалидите Буџетот плаќа 100%, ослободени се од придонеси, а за другите вработени мислам дека не би требало да се прифати амандманот.

Јас не сакам да се впуштам во анализа, но податоците укажуваат дека и покрај ваквите организации економски не стојат баш лошо и во споредба со другите организации, поради другите бенефиции што тој ги спомна и тоа како се добростоечки организации во Република Македонија.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Со последната констатација на министерот не би се согласил бидејќи има организации од оваа област што отидоа под стечај и тоа "Инпрес" и "Светлост" која е најголема организација што вработува инвалиди и има просек испод просечниот просек на Републиката. Така да не може во една област да се тврди ако две-три организации се добро

така да цела гранка се добри. Ако се земе дека просекот на овие организации е испод просекот на Републиката.

Друго што би сакал во овој дел да кажам е дека инвалидите што се во организациите за професионална рехабилитација често се на боловање. Тие боловања се на товар на здравите. Исто така, здравиот мора да му помага во процесот на работата. Јас не зборувам дали треба да се ослободи или не. Не зборувам дека треба да се ослободи 100% здравиот, но оној дел што се ангажира околу инвалидот и што му го плаќа боловањето и другите помошти што му ги пружа здравиот, треба да биде ослободен. Нека биде ослободен 50% од стапката, но треба да го стимулираме и оној здрав со цел да им помогне на инвалидите. Со оваа поделба на здрави инвалиди една иста организација ќе се најдат во една неповолна состојба инвалидите бидејќи здравите се повеќе ќе притискаат за самостојно работење, отколку заеднички со инвалидите, а целта на организациите за професионална рехабилитација и вработување на инвалиди не е тоа. Јас не зборувам 100% да бидат ослободени. Нека бидат 50, 40, но би требало да бидат ослободени со цел овие организации да опстанат во живот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не бара).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Претходно ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата, затоа што некои во моментот ја напуштија салата.

1 Молам, навистина пратениците да бидат присутни во салата, бидејќи работиме со закони и амандманско гласање, за што треба да обезбедиме присуство постојано во салата.

Гласаме по амандманот на член 182 став 2, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Молам, кој е за, да крене рака. (25 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Санде Давчев.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Барам поединечно гласање, доколку имам поддршка од десет пратеника.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам десет пратеници за поддршка за поединечно гласање.

(Повеќе од десетина пратеници креваат рака).

Има.

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно гласање по однос на амандманот.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Прилог)

IV/6.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | (воздржан) |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | (воздржан) |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | (не е тука) |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | (воздржан) |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | (не е тука) |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | (не е тука) |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | (не е тука) |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | (не е тука) |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | (за) |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | (за) |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | (не е тука) |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | (не е тука) |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | (воздржан) |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | (против) |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | (не е тука) |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | (не е тука) |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | (воздржан) |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | (не е тука) |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | (не е тука) |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | (за) |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | (за) |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | (не е тука) |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | (не е тука) |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | (за) |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | (за) |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | (за) |
| 27. ДУШКО ТОРГЕСКИ | (не е тука) |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | (не е тука) |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | (против) |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | (против) |

IV/7.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | (не е тука) |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | (не е тука) |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | (не е тука) |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | (воздржан) |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | (не е тука) |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | (не е тука) |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | (за) |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | (воздржан) |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | (воздржан) |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | (не е тука) |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | (против) |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | (за) |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | (не е тука) |
| 44. ТАШКО КИРОВ | (за) |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | (за) |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | (за) |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | (не е тука) |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | (не е тука) |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | (не е тука) |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | (не е тука) |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | (воздржана) |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | (не е тука) |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | (не е тука) |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | (воздржан) |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | (за) |
| 56, ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | (не е тука) |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | (воздржан) |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | (воздржан) |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | (воздржан) |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | (за) |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | (воздржан) |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | (за) |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | (воздржан) |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | (воздржан) |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | (воздржан) |

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | за |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | за |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | воздржан |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | воздржан |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | за |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКК | против |
| 97. НИКОЛА СЃОЈАНОВСКИ | за |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | не е тука |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | воздржан |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | воздржан |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | воздржан |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | не е тука |

V/1.- СП/ЉР

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 68 пратеници.

27 гласале за.

11 гласале против

30 гласале воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 182 став 2, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Отворам претрес по амандманот на член 196, поднесен од пратеникот Никола Стојановски

о молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 197, поднесен од пратеникот Никола Стојановски-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Се прифаќа амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36, поднесен од пратениците Борко Горчески и Цветан Јовчески.

(се јавува пратеникот Ристо Јованов во врска со претходно усвоените амандмани).

Со претходните амандмани завршивме. На претрес имаме амандманот на член 36, поднесен од пратениците Борко Горчески и Двета н Јовчески.

V/2.-

Деловнички бара г-динот Ристо Јованов. Р

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Дами и господа, јас во овој момент тотално не се согласува со министерот и протестирам. Прифатен е амандман кој е најнеповолен овде. Имаше такви амандмани кои требаше да се прифатат кога е во прашање една социјала, а сега министерот го прифаќа амандманот кој гарантира 30 илјади плата за пензионери. Овде веќе инсертот и ресорното министерство тотално прифатија една игра која не е во игра. Затоа сакам министерот да ми објасни што значи тој амандман. Министерот и неговите помошници доста денови и седеа овде изгледа само да го прифатат овој Амандман. Не се работи за голема група на луѓе, но се работи за една категорија која изнесува преку 30 илјади и затоа протестирам ако министерот не прифаќаше една најобична категорија н а пратеници за да земат, а сега прифати многу лесно овде за категорија на кој платата им е преку 30 илјади. Г-диние министре изгледа и вие сте во некоја игра што не ја играте добро.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот е прифатен од страна на министерот, немаше расправа по тоа, продолжуваме со работа.

Имаме претрес по амандманот на член 36, поднесен од пратениците Борко Горчески и Цветан Јовчевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по амандман

**ИЛЈАЗ САБИРУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

(пак се јавува г-динот Ристо Јованов)

V/3.-

ВЕ молам претходно завршивме со амандманите сега одиме на наредниот амандман и ве молам по амандманот одиме на претрес по Законот и имате право да гласате за него, но сега имаме амандман на текстот на Предлогот на законот.

Јас немам право кога министерот го прифати амандманот јас ниту знам што се работи, но требаше навреме да се интервенира, да се отвори расправа по амандманот. Ве молам, сега расправаме по амандманот за друг дел од текстот.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Кога на Владата нешто не и одговара, некој амандман, ќе биде прифатен, тогаш таа има право да поднесе свој амандман и целиот закон да го сруши. Во овој случај така бегло успеа овој амандман што е нешто неверојатно. Значи, прави мајстори сте за нешто да креирате.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам да го ислушаме г-динот Горчески и да бидеме рационални да завршиме денеска со законите кои ни се на дневен ред.

**БОРКО ГОРРЧЕСКИ:**

Во членот 36 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување највисоката старосна пензија не може да изнесува повеќе од 80% ^од просечната плата остварена во Република Македонија во годината пред остварувањето на правото на пензија зголемена за четирипати.

Овој амандман што го поднесовме со Јовчевски барав зборот "четирипати" да се замени со зборот "трипати". Можеби не е доволно образложението што го дадовме кон амандманот, но сепак ми се чини треба трезвено да размислиме за овој амандман макар да верувам дека

Владата немала доволни консултации за овој амандман и ако би се консултирала малку потрезвено и таа би го прифатила. Зошто? За придонесот во Буџетот ќе биде голем ако се прифати овој амандман. До сега каков беше соодносот на пензиите ќе нагласам овде дека распонот на пензиите од ден на ден растеше континуирано односно со тековното усогласување достигна до соoднос од 12:1.) Во оваа насока, ќе истакнам дека висината на пензиите определени според посебни сојузни прописи изнесува до 29 илјади и нешто повеќе, а се слушна од овде и повеќе денари што во однос со најниската пензија по општи- те прописи претставува голем расчекор и предизвикува незадоволство кај поголем број на корисници на пензија особено кај оние пензионери чија материјална и социјална сигурност е доведена во прашање.

Г-оспода пратеници, овде ми се чини , без разлика кој го поднесува овој амандман не треба да размислуваме кој од која партија го поднесува. Овде се работи за сите обични граѓани односно оние пензионери односно генерација н а пензионери во иднина кои треба да дојдат. Ми се чини дека 1:4 е сепак голем распон. Владата има нешто преземено, но мора да се признае дека соодносот ќе биде нешто намален, но нема многу да придонесе за оние што ќе земат високи пензии односно нема многу да изгубат отколку оние што земаат ниски пензии, што малку нешто ќе добијат. Верувајте има и такви пензии што не можат да ги платат ни најобичните издатоци што ги имаат за струја, телевизија и да не набројувам понатаму, со таа пензија што не им стасува. Затоа, ако продолжиме вака соодносот да биде со толку голем распон на пензиите, ми се чини обичниот граѓанин ќе си остане секогаш обичен, а оние што земале високи пензии пак ќе останат да земаат високи пензии.

V/5.-

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ:**

Дами и господа пратеници, најверојатно награда за најзаслужените пензии каде имаме и до 34 илјади денари кои не се сеќаваат за централните комитети, за црниот терор за колективизацијата на Македонија каде имаше најмногу убиства и затвори се наградени луѓе кои земаат по 34 илјади денари, а едни универзитетски професори кои дале наука , образование, воспитување на плејада луѓе во Македонија се со 9 до 11 илјади денари пензија. Затоа сметам во членот 36 наместо бројката"четирипати" од просекот на платите да биде трипати, бидејќи исто така имаме моментално луѓе конкретно во текстилната индустрија, градежништвото, земјоделието каде земаат енормно ниски лични доходи односно некои успеваат да ги платат само средствата за здравствено осигурување, а голем дел од организиациите каде стечајот им виси на вратот не успеваат да уплатат ни за здравствено осигурување, а за пензиско и да не зборуваме па зошто не се прашаме дека и тие еден ден треба да одат по одредени години зависи можеби една година или наредните години тие луѓе треба да одат во пензија, со каков личен доход тие ќе појдат, а со каков ќе појдат да речеме тие со 34 илјади денари пензија колкав е распонот.

Исто така, сакам да напоменам бидејќи овие со високите пензии се учесници и своевремено инструктори во НОВ, но да не заборавиме имаме и борци кои не уплакале, живеат на село, за земјоделска пензија, па земаат некоја социјална помош од само 1.700 денари Кога ќе направиме споредба не е ни 12%, како што спомна г динот Горчески, туку доаѓа 20 пати или 2 илјади проценти разлика. Мислам и апелирам до вас г-да пратеници да го поддржавте оној наш амандман односно и Владата да го прифати да биде 3:1 во однос на растењето на пензијата.

Исто така сакам да напоменам, тие борци што биле директни учесници на 15-тиот корпус, меѓутоа, ете судбината си поиграла со нив, земаат само 1.700 денари. Јас кажав г-дине Бојковски каква е разликата меѓу пензиите од 1.700 денари до 34 илјади денари. Не ни 10, туку разликата е 20 пати. Затоа апелирам до Владата ова што ни се случуваше 40 односно 50 години да не ма таква разлика и едните оделе боси и голи и другите оделе боси и голи и едните се бореле за Македонија и другите се бореле за Македонија. И едните се третираат како учесници во НОВ од 1941 година и другите се третираат како учесници, меѓутоа, во едно е разликата. Едните носат ордени народни херои другите не носат ништо односно останаа верни 50 години на селото да го чуваат селото и ден денеска живеат таму. Во тоа е г-дине Бојковски разликата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Горѓи Бојковски.

**ЃОРГЃИ БОЈКОВСКИ:**

Бидејќи бев спомнат во дискусијата, а инаку немав намера да дискутирам, сакам само следното да го изјавам.

Образложението дадено по повод овој амандман воопшто не држи, бидејќи пратеникот зборуваше за минимални пензии со кои луѓето не можат да купат леб и други потреби, а овде не се работи за зголемување на минималните пензии, туку се работи за симнување на големите пензии, односно за намалување на распонот меѓу пензиите. Тоа е едно.

Второ, ова е закон за нови пензионирања, а тој зборуваше за борци од НОВ кои веќе и пензиите си ги свршија.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Јас навистина, господине Бојковски, уште еднаш се јавувам по Ваше инсистирање, бидејќи вие успеавте пред некој ден односно коалициониот партнер да донесе закон за учесниците во НОВ со споменица од 1941 година и за народните херои, каде по други основи како што сега моментално господинот Крсте Црвенковски зема пензија од 34.120 денари госпоѓицата Вера Ацева земја 30. 800 денари или Борко Темелкоски Лилјакот 32.600 денари. Меѓутоа, јас кажав дека има борци кои живеат во селата,  се учесници во НОВ, но не уплаќале бидејќи не работеле воопшто во државниот сектор и земаат некој симболичен износ од 1.700 денари. Тие се учесници како борци, колку овие толку тие меѓутоа, едните носат медали, тие не носат ништо, не се народни херои. Во тоа е разликата.

А да кажат исто така да дрни место, три спрема еден од проста причина што рековме 80 посто од просекот на платите, зголемено да биде три пати наместо четири пати како што предлага Владата и ќе биде помал распонот меѓу пензиите. Тоа беше.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Ми се чини дека образложението што го дадов прво не држеше место за реплика и воопшто не држи репликата што ја даде г-динот од СДС, бидејќи јас добро нагласив за идните пензионери, а ако сакаше тој нешто друго да каже, јас не знам што сакаше да каже.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дваесет и два пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 поднесен од пратениците Борко Горчески и Цветан Јовчевски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Тодор Петров, се јавува за збор.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ќе го искористам моето право да го образложам моето гласање по Предлогот на законот. Мислев да гласам за предложениот текст на законот, меѓутоа, прифаќањето на амандманот на г-динот Никола Стојановски од министерот, ме натера да гласам против овој текст на закон, заради тоа што и самите пензионери ги доведува во нерамноправна положба.

Највисоката старосна пензија по членот 36 е утврдено да изнесува најмногу 80% од просечната плата остварена во стопанството во Републиката во годината пред остварувањето на правото на пензија, зголемена за 4 пати. Прифатениот амандман на г-динот Никола Стојаноски од Владата се однесува на членовите 196 и 197. Имав намера да дискутирам доколку веднаш не беше прифатен амандманот од страна на министерот, меѓутоа, вреди да повториме што регулира членот 196.

Членот 196 пензиите на борците во НОВ, на учесниците во Народноослободителното движење во Грција, на учесниците во Народно - ослободителното движење во Егејскиот дел од Македонија, членовите на нивните семејства, остварени пред влегувањето во сила на овој закон, според Законот за основните права на пензиско - инвалидско осигурување, Законот за носители на партизанска споменица "41 и Законот за пензиско и инвалидско осигурување им се обезбедуваат и при влегувањето во сила на овој закон во обем и висина определени со тие прописи, со тоа што овие пензии може да се исплатуваат најмногу до износот на највисоката старосна пензија утврдена со овој закон, а тоа е претходно цитираниот член 36.

Си поставувам едно прашање: Кого штити овој прифатен амандман, во формулација на пример на членот 196? Штити една мала група пензионери борци кои досега примаа неколку пати повисоки пензии од највисоките во стопанството. Ако имаме предвид дека според предлогот што е даден од Владата, 21 .500 се приматели на боречки пензии, од нив само 19.500 примаат под просечната месечна плата во стопанството, а дури 5.500 примаат помала пензија до 2.300 денари.

На тој начин со овој прифатен амандман се создава една нерамноправност и меѓу самите борци односно се штити само една многу мала групичка на луѓе кои се ставаат во привилегирана положба надвор од она што е утврдено со законот. Ако и досегашните законски прописи, па и овој текст на закон Фондот се уште го третира како социјална установа на солидарна основа, тогаш солидарноста редно беше да ја споделат сите рамноправно. На ваков начин овој закон е нерамноправен и за самите корисници на боречки пензии, независно од она што се во нерамноправна положба во однос на вкупниот број пензионери.

Имајќи го предвид тоа ќе гласам против овој закон.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

За мене денес ова е пети или шести ден кога расправаме за стабилизационата програма и кажувам дека е најголема брука што ја направи Владата токму овој член што го прифати од целата Стабилизациона програма. Кажувам, не го прифаќам законот и ќе бидам против законот токму од овој амандман што беше прифатен и ништо не се подобрува положбата на. обичниот пензионер. Пензиите намалени со стабилизационата програма на г-динот Бранко Црвенковски ќе доцнат со месеци, а Владата и овој пат прифати амандман со кој на нивните пропагатели или им ги зголеми пензиите, на пример , морам да ја кажам со име и презиме, затоа што на претпоследната емисија "Без наслов но со повод" на госпожата Вера Ацева, таква пропаганда изнесе што морам и овде да ја спомнам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа не е на дневен ред.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

И другите кои се со големи пензии преку 40.000 и со добри

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јасно е дека на оваа наша држава и треба закон кој ќе ги задоволи основните потреби на сите осигуреници да речам во периодот што настапува. Ние овде имаме седница, зборуваме за некаква стабилизациона политика на Владата и во рамките на тоа 1 мислам дека апсолутно се вклопува оваа неправда што се чини спрема основните корисници на пензиите од страна на категоријата на борци. Продолжува и понатаму една неправда спрема огромното мнозинство на борци, а Владата во духот на она што го предлагаше со Стабилизационата програма, типичен пример и дава на еден неодговорен однос спрема илјадници пензионери.

Со други зборови, со амандманот на Владата намерно протурен и прифатен еден таков амандман, се чини општа навреда на сите корисници на пензија, кои во бројки беа изнесени од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ. Се штити една група на луѓе со некакви стечени права па и ние треба да се запрашаме самите , по која нивна заслуга имаат два пати поголеми пензии од примањата на пратениците во овој Парламент Секој нека се мисли дека носители на државата се токму овие....

**РИСТО ЈОВАНОВ**: (од место)

И од претседателот на Републиката.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Не е важно тоа, од овде зборувам , за нас пратениците. Ние наједноставно прифаќаме еден амандман од Владата без никаква трунка совест дека и меѓу тие што имаат такви до  35. о00 денари пензија има такви кои во периодот после војната беа инструктори на најголемите злочини што се вршеа во периодот на колективизацијата во Македонија.

Тоа е период на најголемата тортура во Македонија врз македонскиот народ и наградата сега им се дава во едно продолжение со прифаќање на амандманот од министерот. Мислам дека македонскиот народ такви одредби во законот за ПИО, па поаѓајќи од тие позиции на една нерамноправност што се нуди нашата пратеничка група нема да сочинува кворум при гласањето на овој закон.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека амандманот што е прифатен на овој член кој претходно беше дискутиран го прави членот противуставен, затоа што ги става во нееднаква положба сите оние граѓани кои го оствариле тоа право на пензија, согласно минатите прописи и мислам дека Владата треба да обрне внимание околу тоа прашање. Во спротивно, ако не обрне, го кажувам својот личен став дека ќе гласам против тој закон.

**ФАИК АБДИ:**

'Почитувани пратеници, навистина денес многу е тешко човек да се определи за овој закон кој е на дневен ред да крене рака или да .биде против она што го содржи законот, заради ситуацијата во која живееме, економската ситуација, лошите економски услови на стопанисување итн.

Меѓутоа, мораме да си признаеме за една работа која е многу битна и важна во нашето живеење. Некои мислат поинаку. Мислат дека тие што се бореле за оваа слобода, за оваа Македонија - го негираат тој нивен труд и таа нивна политика, но едно е важно народот вели дека во еден ист ров може да седнат десет души против непријателот, од тие десет само двајца да станат и "ура" да викнат, "напред" Другите ќе чекаат, да видиме кој ќе погине. На таквите луѓе ние мораме да им

одадеме признание и во оваа прилика. Ние ги немаме многу во Република Македонија таквите луѓе. Сигурно имаме многу илјадници борци 1944, јас би ги рекол - ај да не launch речеме што сакам да кажам, до крајот на ослободување на тогашна Југославија, па до Берлин можеби отишол некој. Јас мислам дека нема смисла да се однесуваме спрема тие 15-16-20 души онака како што се однесуваме овде сега во некои дискусии. Тие се длабоки старосни години и уште некоја година нека живеат спокојно и тоа е тоа, се знае човечкиот живот колку е. Да не ги навредуваме, ако тие тогаш не беа, кој знае дали ќе постоеше оваа наша Република Македонија. Граѓаните на Република Македонија ги почитуваат тие луѓе, ние сме должни да ги почитуваме и во никој случај не смееме да правиме споредба на нивните пензии и нашите плати. До каде дојдовме да споредуваме?!

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека кога веќе беше исцрпена дискусијата комплетно по содржината на законот и кога веќе имаме шанса да дискутираме за два нови амандмани, кои се прифатени од самата Влада, лично сметам дека можеби направивме еден пропуст, односно Владата направи еден пропуст и заради тоа принципиелно наруши еден однос кога се работи за член 174, кога беше прифатен амандманот на колегите кои го поднесоа, од причини што сепак ја нарушивме самостојноста на Фондот за ПИО, заради тоа што тој Фонд како правен субјект, кога веќе му даваме големи права и кога треба тој да ги решава сите проблеми сврзани за ПИО, овде Владата си зема за право таа сега конкретно да нуди ставка. А нудење на ставка значи разрешување на одредени проблеми надвор од оној субјект кој и во законот, па и во другите уставни начела, му дадовме големо право.

Мислам дека и овој член на некој начин , може би и уставно се коси, јас не сум правник, не можам да констатирам, меѓутоа, грешка е што Владата го прифати овој амандман и требаше до крај да дозволи автоматски фондот за ПИО да живее и работи исклучиво како правен самостоен субјект, без ингеренции на Владата, бидејќи Владата е извршен орган кој ја претставува до крај државата. Државата треба да биде надвор.

Инаку, што се однесува до овој спорен член, односно амандманот кој беше прифатен од д-р Никола Стојановски, морам да Ве запознам дека Комисијата за труд и социјална политика го нема гледано. Можеби и тука паѓаме во една комична ситуација, да се бориме член 36 да остане онаков каков што е , заради тоа што таму се определивме за четири пати зголемена пензија во однос на просечниот личен доход итн., со овој член ги проширивме правата само на една мала категорија граѓани, а се работи за 7 4 односно 75 и нивните пензии, ако се сеќавате на онаа седница јас ги кажав по ред која пензија колку изнесува. Така чувствувам кај пратениците едно незадоволство, па добро би било да прекинеме со седницата и министерот да направи консултација за едно 15 минути, за да можеме да го разрешиме овој јаз. Инаку, во спротивно ми се чини дека доаѓаме во позиција изгласувањето на законот да дојде во прашаше.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас се извинувам, не сакав да станувам, но толку сум испровоцира од г-динот Фаик Абди, што човек мора да стане. Еве зошто, вели тие се многу малку. Слушнав бројка 70, на пример, досега имале 30.000 денари. Каде се тие луѓе, каде им е моралот? Не спомнувам, име по втор или

трет пат, па да речат, чекајте, господа и дами, јас имам поголеми примања од претседателот на Републиката. Господинот Киро Глигоров има 4,5 0 коефициент, тој ги сожалува. Морам да спомнам, мојата мајка г-дине Фаик има само 1200 денари, не може да си купи еден литар млеко. Вие ја сожалувате г-ѓа Вера Ацева која имала 30.000 денари да и се зголеми до 40.000 денари. Биле 75. Па ако се 75, што сега? Дали треба уште нешто да им се каже?

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи кворумот е нарушен, предлагам пауза до 15,00 часот

(Паузата започна во 14,05 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,55 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 196 и член 197 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Амандманите се поделени,

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 196 и член 197 што се со истоветна содржина како и амандманите на Владата на РМ.

Молам пратеникот Тодор Петров, дали ги повлекува амандманите Ги повлекува.

Збор побара господинот Стефковски процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека нашето реагирање беше на место и ова е прв пат Владата вака конструктивно да настапи во разрешување на одредена состојба особено во работата на парламентот.

Прецизно да се искажам, со амандманот и грешката што ја исправи Владата се чини еден напор работите во Републиката да се поставаат како што треба, односно да биде јасно на секого дека пензии во РМ на борците не може да има од 34 илјади денари ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам...

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

... туку 13 илјади денари. Тоа е веќе однос...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не , задржете се само на процедурална интервенција ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**

... однос 1:4 и јас благодарам на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Минуваме на **<u>точката 24</u>** - <u>Предлог на закон за работните односи.</u>

Предлогот на закон , извештајот на Комисијата за труд и социјална политика Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 131 став 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков поднесоа амандмани на член 35 за бришење на ставот 3 на член 82 за менуваше на ставот 2, на член 83 за менување на ставот 2 и на член 108 став 1 точка 5 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Душан Трпчевски, Кирил Ковачевски, Стојмир Цветковски и Владимир Митевски поднесоа амандман на член 35 став 1 за додавање нова точка 8 по точката 7 кој Владата не се произнела.

Пратениците Владимир Митевски, Душан Трпчевски, Ферид Садику, Стојмир Цветковски и Јован Николов поднесоа амандман за додавање нов член 39-а по членот 39 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Димитар Трпеновски и Јован Манчевски поднесоа амандман на член 58 став 1 и истиот го повлекоа.

Пратениците Димитар Трпеновски и Јован Манчевски поднесоа нов текст на амандман на член 58 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 аз додавање нова точка 8 по точката 7 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Кирил Ковачевски, Стојмир Цветковски и Владимир Митевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35, став 1 аз додавање нова точка 8 по точката 7 поднесен од пратениците Душан Трпчевски, Кирил Ковачевски, Стојмир Цветковски и Владимир Митевски.

Отворам претрес по амандманот на член 35 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 39-а по членот 39, поднесен од пратениците Владимир Митевски, Душан Трпчевски, Ферид Садику, Стојми Цветковски и Јован Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Амандманот Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, овој поднесен амандман е во контекст на расправата кога беше Предлогот за донесување на закон за измени на Законот за здравствена заштита кога исто така имавме амандман во овој закон да се внесе дополнителна работа како категорија. Ќе дадам едно кратко образложение.

Носејќи се од мислењето на Комисијата за етички и правни прашања на Лекарската комора на Македонија, што исто така го дискутирав кога беше на дневен ред Предлогот за донесување на овој закон, во образложението би кажал, уствари ќе го прочитам амандманот за да се знае и да биде појасно што се бара со него:

"По членот 39 се додава нов член 39-а кој гласи:

Работник кој во една или повеќе организации или кај еден или повеќе работодавци остварува полно работно време може да работи со сопствени средства во друга организација или кај друг работодавец, но не подолго од една третина од полното работно време.

Образложение: Амандманот го предлагаме бидејќи сметаме дека во денешни услови кога Уставот создал правни претпоставки за транзиција на социјалистичкото општество во нов граѓански модел на општеството каде општествената сопственост се трансформира во повеќе видови на сопственост, кога се чувствува се понагласен ангажман на приватниот капитал, иницијативата на граѓанинот, дополнителната работа може да биде особено корисна за целосно користење на интелектуалните, стручните и другите лични потенцијали на. граѓаните во оваа држава.

Исто така, сметаме дека со предложената одредба ќе се потенцира дејствувањето на законите на слободна конкуренција на пазарот, според

кои индивидуата одлучува како, со кого и колку ќе соработува на најдобар начин да ги искористи своите способности. На овој начин државата ќе ги искористи услугите на поединци кои се подготвени да се ангажираат и дополнително и ќе значат можност за забрзуваше на стопанскиот развој со вклучување на услугите и дејностите на најдинамичниот и нај квалитетниот фактор на развојот, а тоа е кадарот".

Кога беше расправата по повод Предлогот за за донесување на измените на Законот за здравствена заштита, амандмани со слична содржина поднесовме јас и господинот Гоце Андоновски и тогаш во образложението кажавме дека ова би се регулирало со правилник што ќе го пропише Министерството за здравство, а со дополнителна работа би се бавел секој оној лекар со сопствени средства во сопствена амбуланта. Тогаш беше овој амандман изгласан, па потоа, ако се сеќавате министерот го повлече и ни беше советувано да го вградиме кога ќе дојде на дневен ред законот аз работни односи. Сега е време, мислам дека има правна основа овде да им пружиме шанса на сите лекари во сопствените ординации во слободно време, нормално пропишано со Правилник што ќе го пропише ресорното Министерство и на овој начин би се решил проблемот со големата невработеност на лекари, поаѓајќи од претпоставка дека во овие ординации, мислам на оние со сопствени средства што ќе ги организираат лекарите, би се вработил некој млад лекар.

Затоа му предлагам на Собранието и ова мислење на Лекарската комора што е еснафско здружение на лекарите, а и на нас 17 пратеници овде според членот 9, кој нуди рамноправност, односно Уставот нуди равнорпавност на сите граѓани, да се изгласа.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и госпда, во изминатиот период на неколку пати оваа појава за регулирање преку законска

регулатива дополнителната работа не само кај здравствените работници туку и кај другите кои сакаат после работното време да обавуваат дополнителна работа преку законско регулирање на истата, но да не биде повеќе од една третина од работното време.

Во минатото, кога беше донесен Предлогот на закон за измена и дополнување на Законот за здравствена заштита не успеавм , бидејќи бевме повторно со амандман на Владата надгалсани и доенсени во една мат позиција. Уште тогаш поединци се произнесуваа дека оваа материја ќе биде решена на еден севкупен начин во законот за работни односи што е денеска предмет на дефинитивно разгледуваше односно и усвојување. Меѓутоа, оваа работа од предлагачите остана неразјаснета, како што гледате и самите Владата не ги прифаќа нашиве амандмани, ги одбива.

Јас се прашувам што претставува лошо некои на регуларен начин, во попладневните часови обавуваат дополнителна дејност од својата струка, со тоа што ќе биде санкционирана доколку дојде до некои неправилности во истото спроведување. Имено, тие дополнителни работни организации односно амбуланти или некои други , да речеме бизниси, ќе бидат уредно плаќани односно данокот што треба да се плати на државата и на тој начин работникот и понатаму ќе може да делува совесно, стручно на поединци.

Ова доаѓа од таму што, поконкретно во здравството ќе бидат отворени амбуланти на секаде по населените места, било во градовите било во селата и на тој начин поквалитетно ќе можат да ја обавуваат стручната работа отколку што се денешните работни организации. Односно во овие работни амбуланти од дополнителна дејност ќе биде инвестирано во опрема, ќе може да има дополнително вработување било на среден персонал, на лекари, исто така дополнително вработување на административен персонал кој ќе треба да ја води и администрацијата на овие дополнителни дејности.

Според тоа, мислам дека државата нема со ништо да биде оштетена ниту пак работните организации бидејќи во таа смисла на зборот ќе се јави и конкуренција помеѓу приватното и општественото односно државното здравство. Јас зборувам за здравството, а оние пратеници кои мислат да зборуваат за други дејности би ги поканил исто така да изнесат и свои сопствени видувања односно визии за оваа дополнителна работа.

Според тоа, ги повикувам пратениците да гласаат за овој амандман во законот аз работни односи.

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, чудно е да еден ваков амандман доаѓа токму од пратеници лекари кои сметам дека треба да бидат најхумани, а тие предлагаат наместо скратување на работното време продолжуваше на работното време од 8 на 12 часа.

Друго исто така чудно е при 180 илјади невработени да се предлага дополнителна работа со сопствени средства на сопствени простори. Ако има сосптвени средства и сопствени простори мислам дека слободно можат да работат и приватно. Никој не им пречи.

Исто така сметам дека со ова дополнително време во сегашниве услови ќе се создаде монопол на поединци кои ќе ги зафаќаат просторите за работа без да овозможат на дел од невработените да се вработат и го решат своето прво вработување.

Затоа сметам дека овој амандман во сегашни услови не е прифатлив за мене.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има министерот Сабриу.

VII/9.-

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Господа пратеници, Владата не може да го прифати амандманот од следните причини, во услови кога во Македонија имаме јавно и приватно здравство и имаме во Македонија некаде околу 600 невработени лекари, мислам дека е навистина непотребно да разговараме за дополнителна работа и тоа исклучиво во областа на здравството, а тоа не би бил тогаш исклучок само за здравството туку треба во сите области да се работи и во други области попладне. Мислам дека сите тие кои можат и сакаат да работат приватно имаат право да отвараат приватни амбуланти, да вработуваат нови лекари, а на место нив во јавното здравство, во овие наши институции ќе се вработи оваа армија невработени лекари ид руги профили што ги има во Македонија.

Од тие причини аргументацијата е оваа, на кратко, а има и други аргументи што можам да ги изнесам во спротивно за да не се прифати овој амандман.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, морам да признам дека и овој амандман Комитетот за труд и социјална политика не го гледала и не зазела став. Жалам што институтот амандман многу лесно го поднесуваме без да правиме крупни налаизи, а не сме свесни кога се поднесува еден амандман мора до крај да се согледаат сите состојби и од едната и од другата страна. Дури тогаш јас како пратеник и другите пратеници да бидат разубедени со она што се предлага.

Лично сметам дека е многу одговорна работа да поднесеш еден амандман за да ја, на некој начин смениш одредбата понудена во одредениот закон заради тоа што одредена комисија, дали експертна или стручна правела стручни анализи за да дојде до одредено решение во законот, а ние, можеби сега, зборувам под еден знак на прашалник,

поднесуваме амандман со едно кратко образложение и сега треба да пресудиме дали да го прифатиме амандманот или не.

За мене не е дискутабилна додатната работа. Добро е што се прават напори. Меѓутоа, не треба да дискутираме едека се однесува само за здравствени работници. Малку не подведува тоа што овој амандман е потпишан исклучиво од здравствени работници, лекари присутни тука во Собранието. меѓутоа, овој амандман се донесува за сите професии. Лично сметам дека амандманот е многу широк и збунува, дури јас Е" си поставам едно лаичко прашање што би било еден јавен обвинител или јавен правобранител или еден судија или еден друг би можеле сега да обавуваат одредени работни задачи, според овој амандман, во приватна адвокатура иако со Законот за судството забранивме едно исто лице да работи во суд а неговиот сопруг, односно сопруга да бидат адвокат! Значи, тука се судираме со една таква работа.

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (Продолжение)

Лично сметам ако би бил овој амандман попрецизен има шанса да помине, меѓутоа, ми се чини дека во оваа ситуација не му е баш време да го поставиме во овој закон. Ние во Македонија имаме околу 182 илјади невработени лица. Ако ви кажам дека јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика добив неколку информација па дури имам и еден заклучок на здружението на лекарите невработени, министерот кажа 600, меѓутоа јас ќе ви кажам една попрецизна бројка, се работи за 1.164 сите заедно, фармацеути, забари итн. Така да тоа е една поголема бројка. Во таа ситуација може би не е место да прифатиме еден ваков амандман, а можеби во догледно време ќе треба да создадеме услови за дополнителна работа и на лекарите. Можеби кај нив е и најзгодно да може да работат дополнително, инаку амандманот во принцип не го прифаќам.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, намерно не сакав пошироко да го елаборирам овој проблем заради тоа што француската изрека "дежавуи" овде беше пошироко елаборирана кога беше на дневен ред кога беа измените на Законот за здравствена заштита.

Сите го знаеме проблемот и тогаш добро кажавме дека со дополнителна работа би се бавеле само оние лекари кои се поуспешни затоа што би требало со сопствени пари да си обезбедат работен простор, техничка опременост, според правилата што би ги пропишало соодветното министерство. Знаеме колку има невработени лекари, а ММФ вели дека сме преработени во здравството, значи треба и од овие што сега работат после пензионирање на икс колеги да не се примаат нови лекари. Според тоа, единствена шанса е на овој начин во

сопствена ординација лекарите кои ќе се бават со дополнителна работа да вработат и млади лекари. Ова оди во функција токму напротив таа армија на невработени лекари, кај нас во Куманово има 35 невработени лекари кои сигурно би нашле свое прво вработување токму во дополнителната работа, а ова би бил преоден период за
лекарите кои ќе финансираат во обезбедување на работен простор сопствен или ќе плаќаат кирија за техничка опрема. На овој начин финансискиот ризик би бил навистина голем да се впушта во ваква авантура ако смета дека не е квалитетен.

На крајот ќе повторам дека во дополнителна пракса пациентите би плаќале со сопствени средства. Тоа не би го оптоварувало фондот а граѓаните би добиле поадекватна и поквалитетна здравствена заштита.

Морам да кажам дека една пратеничка група тогаш јавно изјави дека се за либерализација во сите сфери, тогаш го гласаа амандманот, сега се повлекоа, но јас би сакал да чујам и од нив какво мислење имаат сега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За мене нема дилема дали некои треба и може да работи ако може да работи. Условот е јасен, дава рамноправност на сите учесници на пазарот. Меѓутоа, вториот дел забранува монополизам. Кај мене дилемата е околу правото што се бара од предлагачите и е навлезено во создавање на монопол во одредена групација која ќе се разликува од другите групации.

Втор монопол е монопол во самата групација. Инаку, друго ништо не ми е спорно. Според ова ако одредиме да направиме групација, повластување помеѓу другите групации, тогаш колега Бранко за мене една групација од мојата стручност, ќе ги споменам обвинителите и

судиите, има место за споредување во одговорноста, меѓутоа, содржината не би можела да оди затоа што едните се поставени, другите се изворни. Овде изворните функции не можат да бидат начин на споредување. Според тоа, тоа споредување отпаѓа, но остануваат другите што се во обвинителствата и судовите, а тоа се стручните работници и приправниците дали тие не би можеле да се подведат под вакво споредување. Значи, разликата помеѓу повеќе групации настанува. Тоа е во врска со првото.

Вториот дел внатре во групацијата. Дали сега овие врвни стручњаци по пооделни дисциплини во медицината со јавување во дополнителна работа не ќе спорат свои подгрупации внатре во групата со што ќе се јават да извршуваат работи и на едно и на друго место. Јас не се плашам и од тоа дека ќе може да биде нешто содржајно меѓутоа, навиката на животот што ја имаме секој ќе оди по друг основ. Кај овој доктор ќе имам поголема гаранција зашто тој има зад него установа, има зад него гаранција на боледување, има гаранција за одредено право кое ќе го остварам има гаранција за начинот на лекувањето. Ова се дилеми кои настануваат во моето размислување, а начелното прво не го оспорувам. Сега како Собрание ќе треба да се одлучиме дали' ние ќе дозволиме една ваква работа да помине со овој амандман или не. Јас лично не би сакал во овој момент бидејќи сметам дека не се созреани условите за ваква работа, а не дали постои право или не.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници како потписник на поддржувајќи го него јас сум лично на мнение дека со усвојување на овој амандман ќе се зголеми вработеноста на младиот кадар после 7-8 часа работно време оној кои има можности материјални отвори приватна амбуланта ќе може саат до

саат и пол да посвети на таа работа односно во таа своја амбуланта да вработи некои од армијата млади лекари кои не нашле работа во општествениот сектор. Затоа јас мислам дека повеќе ќе добиеме доколку амандманот го изгласаме и некои од овие млади стручњаци кои чекаат работа да најдат место во овие амбуланти.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас мислам дека оваа материја беше доста нашироко елаборирана, со законот за здравствена заштита меѓутоа, јас само три работи ќе кажам во врска со тоа што е оправданоста од прифаќање на еден ваков амандман.

Прво, мислам дека уставното начело ќе биде задоволено, право на еднаквост на сите граѓани да можат да се определуваат каде ќе работат и колку ќе работат.

Втора работа е тоа што мислам дека оправданоста од наш аспект, од аспект на здравствени работници е тоа што на овој начин го доближуваме осигуреникот, пациентот до лекарот. Во секое време може да го користи правото осигуреникот да го искористи одредениот лекар што тој го сака по негов избор. И тука е уставно право што треба да биде загарантирано токму на осигуреникот, не само категоријата лекар.

Третата битна работа е тоа што ако сакаме реформа во здравството и ако сакаме навистина транзиција, мислам дека треба да се отвори простор и за конкуренција и за активирање на сите средства од индивидуална сопственост. Ние сите сме свесни колкава е силата на општествениот сектор. На овој начин мислам дека ќе се активираат и ќе влезат во акција сите средства  и на оние што евентуално би имале да се подобри ефективата и работењето во оваа дејност.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Се извинувам што излегувам по трет пат, но дозволете да му ја решам дилемата на г-динот Томислав Стојановски.

Тој рече дека пациентите би се одлучувале да одат кај лекар специјалист кој се бави со дополнителна работа до проста причина што позади него стои државно здравство, па може од него утре да добие боледување итн. Јас најодговорно ви тврдам дека категориите лекари што се одлучија да одат во приватна пракса има две категории. Едната има договор со фондот, значи користат зелени картони и осигурениците кај нив остваруваат здравствена заштита со зелени картони а други има што се комплетно во приватна пракса и кај нив не важат зелени картони и се плаќа во готово. И двете категории на приватни лекари имаат исти права како лекар што работи во државна институција. Значи, право на испраќање во лабораторија, рендген, даваше боледување, давање боледување не подолго од 30 дена што нормално после комисиски оди. Значи, комплетно исти права имаат како лекар што работи во државно здравство. Според тоа, лекарот специјалист што ќе се бави со дополнителна работа во никаква предност не е во тој поглед со приватните лекари со оние што се во фонд. Значи имаат исти права. Би се добило само во квалитет, би добиле осигурениците. Може во попладневните или вечерните часови да обезбеди еден универзитетски професор кој своето слободно време го користи во дополнителна работа, може да обезбеди стручњак по негова мерка што мисли за него е добар и може да му го реши проблемот во дадена ситуација.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас уште на почетокот ќе кажам дека овој амандман го третирам сериозно и дека тој за мој поим е издржан иако

лично ќе се воздржам од тоа да му дадам поддршка. Причините се повеќекратни.

Кога веќе лекарската комора го вложила сиот свој интегритет и се заложува за тоа да на докторите им се овозможи ваков вид на дополнителен труд едноставно сметам дека тоа е веќе сериозно барање. Никако не мислам дека во лекарската комора имаме приватизирање на интересите. Ако нешто има постои и постапка тоа да се утврди и да биде соодветно елаборирано.

Но исто така имам извесно стравување посебно од оваа енормна бројка на невработени, школувани лица. Воглавно тоа се млади кои имаат веќе и свои семејства а не можат никако да си обезбедат работно место.

Исто така не сакам да кажам сосема децидно дека во случај да се дозволи дополнителен труд ќе им биде нив неминовно скратена можност за дополнително вработување. Тоа не може и од една проста логика во економијата што постои - оној кој умее да работи тој околу себе создава поле за дополнително работење.

Инаку, кога веќе нашата медицинска елита се залага за ваков вид отворање на работни места најмалку е упатно ние од ова место да се оградуваме. Но исто така за мене се поставува прашањето дали единствен начин на разгледување спорни нешта мора тоа нешто да биде на парламентарната говорница. Сосема лошо сведоштво и за нашето општество е тоа што ваква силна групација на интереси, како што е тоа лекарскиот слој не успева да ги запази своите интереси. Инаку, познато ми е и во Европа токму ваков вид на решавање на матер!јата не е толку присутен. Обично сите држави имаат рестрикција во поглед на дополнителното работење, но и на блок одбивање не ми изгледа многу добро. Повторно ќе изразам жалење што по втор пат вака да претресуваме едно слично прашање.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, во овој случај нашето барање по однос на овој амандман 39-а ми изгледа како да се наоѓаме ние подносителите, а веројатно и некои други колеги тука како деца во забавиште, па сега другите луѓе овде како постари, возрасни, со поишроки погледи во сите сфери, па и во оваа ни даваат и ни советуваат да работиме, а што не треба да работиме.

Јас ќе повторам, оваа материја беше пред неколку месеци усвоена, со амандманот на Владата повторно укината поради тоа што тогаш се рече дека оваа материја не може да влезе во Законот за здравствена заштита, туку треба да влезе во Законот за работни односи. Јас се чудам од каде сега колегата Бранко Арсовски нас ни соли памет дека ова не било разгледувано и на нивната комисија кога ние тогаш се залагавме што треба да влезе во овој закон кој што сега се донесува Да не си играме како мачка и глушец, значи некои се ситните кои што треба да бегаат, да се плашат а другите да бидат господари на оваа ситуација.

Неоспорен е фактот дека во донесени услови имаме околу 700 невработени лекари стоматолози. Така состојба немаме кај фармацеутите бидејќи состојбата на пазарот со даваше можност да се купуваат лекарства слободно во приватните аптеки си го направи тоа да ни еден фармацевт не остана во здравствените организации туку се префрлија односно си отворија сопствени продавници на аптеки. Како што знаеме на пазарот најголем дел истите тие аптекарски продавници продаваат готови производи. Пред неколку седници на Комисијата за здравство беше токму и ова дискутирано дали може други здравствени работници, како што се лекарите или стоматолозите да имаат можност да отвораат фармацевтски продавници, бидејќи во тие продавници најголемиот дел се однесува на продавање на готови лекови. Ако некој

лекар може да препишува лек, било да е лекар, било да е стоматолог зошто да не може да го издаде лекот, односно да го складира во аптекарската продавница и да го продаде со назнака за што и т.н. Денеска на пазарот за жал гледаме, во делот што се однесува на продавници на лекарства, на аптеките имаме вработени таму, се моткаат низ продавницата секакви луѓе но не и здравствени работници, не и фармацеути.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Спрема тоа, за вработување на овие 700 лекари и стоматолози треба Министерството односно Владата да донесе одлука со која ќе овозможи вработување во вакви или издавање на вакви аптеки да ги водат лекарите односно стоматолозите. Тоа беше второ прашање.

Во овој амандман имаме место за дополнителна работа, но не е речено дека само здравствените работници ќе отвораат сопствени ординации со сопствени средства. Тука е речено работи кои во една или повеќе организации, или еден или повеќе работодавци остварува полно работно време може да работи со сопствени средства. Ова не го потенциравме или апострофиравме само за здравствени работници. Спрема тоа, Бранко Арсовски, што вели дека тоа не е елаборирано преку оваа Комисија, мислам дека овде во овој амандман точно се однесува дека секој на кој ќе му се дозволи со законски односно со други одредби од овој закон, ќе може да си оствари дополнително работно место.

Понатаму, мислам дека Уставот понекогаш кога ни треба го бараме, понекогаш кога ни треба не го бараме во однос на вакви работи. Јас, во овој случај, бидејќи има уставна основа по однос на оваа појава за дополнителна работа со сопствени средства ќе цитирам некои делови од Уставот. На пример во членот 32 стои следното: "Секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремен невработеност".

Понатаму, "секому под еднакви услови му е достапно секое работно место". "секој- вработен има право на соодветна заработувачка.

IX/2

Секој вработен има право на платен дневен, неделен годишен одмор. Овие права на вработените не можат да се откажат. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредува со закон и со колективни договори. Значи, тоа треба да го направиме со овој закон.

Понатаму, членот 54 став 3 од Уставот вели: "Ограничувањето на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик,вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба". Бидејќи сме вработени во општествени работни организации нам, натамошното дополнително вработување ни е ограничено.

Во членот 55 од Уставот стои следното: "се гарантира слободата на пазарот и претприемаштвото". Каде ни е овде слобода на пазар и претприемаштвото.

Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Ние сме субјекти на пазарот или не?

Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Во овој случај кој треба да бидат монополски поставени во пазарот, државните односно општествените организации во здравството или пак некој други, ако некој друг сака да се вработи.

Понатаму, во ставот 3 од овој член стои"слободата на пазарот и претприемаштвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето". Во овој случај нека ми наброи мене кој во овие моменти би можеле да ги наброиме со што нас дополнителната работа не говорам за здравството туку за сите би шни била спречена кога се работи за една третина од полното работно време.

Спрема тоа, да не играме крижи мижи, да не изиграме мачка и глушец некој да се наоѓа во некоја супериорна положба, а некој во сосема индиферентна и во страотна положба. Спрема тоа за чинителите на пазарот поддеднакво е достапно и тоа вработување, се разбира, ако државата може да го контролира без да има други негативни проблеми неплаќања на данок, диво вработување на луѓе лекар, сестра администратор. Сето тоа може да не одведе до еден недоглед. Инаку, во овој случај само не дозволување на ваква дополнителна работа е само од некој инает, ништо друго. Спрема тоа го поддржувам уште еднаш овој амандман

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Арсовски беше повикан.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, вообичаено како пратеници можеме некогаш и вулгарно да се понесеме спрема некој друг, меѓутоа кај мене тоа не е вообичаено заради тоа што секоја личност се цени. Јас ниту имам намера да му солам памет на некого, меѓутоа, го кажувам моето размислување.

Го почитувам господинот Трпчевски во тој дел што се залага за една работа која е уставно присутна, меѓутоа,не до крај уставно речена. Знаете во Уставот пишува многу работи, не пишува дека секој граѓанин во Републиката треба да работи, треба да биде вработени. Во Републиката имаме 182 иљади невработени лица. Сите тие 182 иљади невработени треба да имаат економска и социјална сигурност, меѓутоа економска и социјална сигурност ја немаат преку работа, можеби преку други инструменти во државата.

Кога се работи за претходниот амандман на господинот Трпчевски тој што го потенцира и дека Комисијата за Труд и социјална политика како помошно тело на ова Собрание го разгледувала, ако се сеќавате

имаше голема поддршка тој амандман, меѓутоа тој амандман беше прецизен, тој беше утврден во рамките на Законот за здравствена заштита и децидно се однесуваше аз здравствените работници. Тогаш и јас учествував и го поддржав тој амандман можеби во тоа време кога го усвојувавме овој закон за здравствена заштита. Меѓутоа, овој амандман поднесен од господата потписници на овој амандман, со тој амандман ептен се разликува во суштината, во содржината на самиот закон. Додека тој амандман беше исклучиво врзан за здравствените работници што не е спорно да се дискутира во тој дел, сега овој амандман е проширен. Ние не сме прецизни во тој дел, дали, ако пуштиме ваков амандман кој ќе се внесе во одредбата на Законот за работни односи, нема да направи одредени проблеми во однос на регулирањето на ова право. Ако, амандманот беше попрецизен, постеснет и се однесуваше на одредена категорија дури тогаш можевме да расправаме поквалитетно. Уште еднаш тврдам дека Комисијата за труд и социјална политика овој амандман го нема гледано и нема заземено став во однос на него. Тоа е причината, тоа е вистината инаку, дали сум го гледал на Комисијата, дали го гледала претходниот амандман, тврдам дека го гледавме тој амандман и имавме свој став. Меѓутоа, за овој амандман немаме став бидејќи го немаме гледано. Ако амандманот беше стеснет и ако се однесуваше за одредена дејност, дури тогаш требаше посебна расправа. Од тој аспект заради непрецизноста на самиот амандман јас не го поддржувам во таа смисла. Инаку, господинот д-р Владимир Митевски е во право кога се залага за одредена категорија на граѓани во здравството, се мисли на врвните, експертите да не кажам здравствени работници кои можат да ја продолжат својата работа кај одредени субјекти заради искористеноста на нивниот квалитет. Тоа е тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, јас не се јавувам повторно да зборувам, меѓутоа господинот Владимир Митевски од оваа говорница во мое отсуство веројатно лошо ме разбрал или јас лошо сум се изразил или лошо сум го разбрал него, веројатно има нешто што мора да го разјасниме.

Кога реков дека овде ќе настанат поголеми гаранции ако овие лекари се таму и таму. Не мислев дека тоа ќе го прават лекарите. Уверувањето кај граѓанинот е основ за поголема разлика помеѓу оние што се чисто приватни и овие кои ќе работат дополнително. Кај граѓанинот има едно уверување ако овој е таму јас ќе имам поголема гаранција, а не е токму стручноста. Ме плаши тоа да не е, инаку друго не би било опасност, како што не би било опасност да се измени содржината на обвинението ако стручниот соработник во обвинителството го напаѓа обвинението. Меѓутоа, кај граѓаните ќе има уверување дека тој таму работи и јас ќе имам поголемо право. овој е проблемот кој треба да се разреши. Значи, уверувањето кај граѓаните додека не се создаде едно такво ниво на размислување кај луѓето дека е се еднакво во тоа е недоразбирањето оти ако докторите се таму ќе има поголемо право. Докторите даваат исто право и лекарствата ќе бидат исти.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, гледам дека вашата дилема се зголемува, а ова беше во функција за да ви дообјасниме. Пак да се вратиме на донесувањето на Предлог-законот за изменување на Законот за здравствена заштита. Тогаш кога 43 пратеника му дадоа виза на амандманот беше усвоен. Убаво се сеќавате, сигурно, единствено дилема беше што имаше две алтернативи. Значи да се работи дополнителна лекарска пракса во здравствена организација каде работи лекарот или во сопствена ординација. Потоа, кога министерот со својот

амандман го поништи изгласаниот амандман, сите бевме едногласни дека единствена дилема ни е тоа што, ако се работи во сопствена здравствена организација дополнително, ќе има злоупотреби.

Сега, овде ви нудиме пречистен текст во сопствена ординација дополнителна работа. Пак ќе повторам обезбедување работен простор сопствен или со плаќање кирија, техничка опременост како што ќе предвиди правилникот и тоа е негов ризик. На оној лекар кој мисли дека е успешен дека ќе може да се бави со дополнителна пракса тој ќе се впушти како што кажав, во авантура. Ако не е успешен по- пусто ќе инвестира пари и тоа ќе пропадне.

Можноста за вработување млади лекари како што кажа господинот Садику е присутна. Имаме армија не невработени лекари и теоретска шанса е да се вработам во државно здравство, значи единствена шанса им е на овој план.

Понатаму, ако се плашиме од злоупотреба зошто немаме ист аршин да кажеме за многу директори кои работат во трговски реномирани куќи кои преку икс погодности си отворија приватни трговски фирми па користејќи го имиџот на нивната реномирана трговска куќа и деловни врски си остваруваат можеби незаконска добивка. Ако сме искрени и за тоа треба да дискутираме.

Второ, имаме економисти кои отворија разни бироа за водење на книговодство на разни трговски организации. Зарем тоа не е дополнителна работа? Тие кои имаат компјутери се бават со правење на завршни сметки и водење книговодство. Дури и директоров в на фирми. Ако имаме ист аршин дајте да дискутираме.

Го поставив амандманот заради тоа што зедов учество во дискусија кога беше Предлогот за донесување на закон и кажав ако предлагачот не ги прифати овие сугестии што нашата лекарска комора

односно Комисијата за кадровски прашања ги предлага, што се издржани како што беше проблемот со дежурствата, но останавме глуви на тоа прашаше само по принцип на рамноправност што го нуди Уставот во членот 9, овој амандман треба да биде изгласан.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина имаме еден интересен амандман и министерот кога образложуваше требаше да каже, ако има, јас затоа излегов да прашам дали има некое друго образложение во врска со неприфаќањето на амандманот.

Ако го читаме Законот во делот каде се говори за работното време, стекнуваме термини и концептот на законот се заснова на четириесет часовна работна недела. Значи, од 42 на 40 часа. Ако веќе тоа е концепт дали не се судрува со терминот продолжена работа. Го намалуваме работното време а одиме да дозволиме продолжена работа. Тука настанува куршлус и мислам дека тука би требало да се даде едно образложение. Целиот закон во тој дел говори за работно време пократко од 40 часа, а во само две одредби се говори за продолжена работа повеќе од 49 часа,каде се работи по налог и каде приговорот не го одлагаат. Видете законот е многу прецизен па во оваа смисла ако министерот има нешто да додаде концепциски не се вклопува во продолжена работа со основниот концепт од 40 часовна работна недела и во таа смисла јас ќе, гласам воздржано.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Бидејќи бев прозван да кажам неколку збора, мислам дека Законот е многу јасен и ова што господинот пратеник сега кажа тоа е, концепцијата на Законот е воведување на 40-часовна работна недела

што значи нема да се работи ниту една сабота, ако се изгласа законот, а зошто идиме на такви решенија е покрај другото е и она што многу добро беше елаборирано тука.

Господа пратеници, една држава што има 182 иљјади невработени од тие 35 иљјади со високо, вишо и средно образование. Од нив над 50 до 60% млади деца до 30 години и не знам каква друга концепција треба да нуди законот за работни односи и ве молам овој закон ги регулира прашањата и проблемите од работното законодавство, а не го регулира прашањето на здравствените работници. Од тие причини ако се прифати амандманот, тоа би значело сите вработени имаат право да работата уште за една третина дополнителна работа. Тоа се коси со сите наши определби, тоа се коси со сите наши укажувања на Владата и пошироко на Парламентот.

Ве молам, за таа уставна рамноправност, ако некој уставно е необезбеден, тоа се оваа маса невработени. Тие не го оствариле уставното право основно елементарно да бидат вработени за прв пат а ние кои сме вработени бараме уште да работиме и со тоа викаме дека ние ќе ги вработиме нив. Не, господа, повелете тој што е во јавна установа вработен нека отвори приватен бизнис како што е во другите области нека отвори приватна амбуланта, нека вработи, нека се прошири и нека ослободи место за вработување на овие лекари кои ги имаме толку невработени.

Од тие причини молам амандманот да не биде прифатен.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ: 1**

Мислам дека многу работи останаа недоречени па ќе набројам некои од нив.

IX/9

Прво, како прашање би го поставил колку лекари се вработија во 1989 година по сила на закон се скрати пензискиот стаж и по 60 години луѓето или добар дел од интелигенцијата замина во пензија. Тоа е едно.

Второ, од пред две-три години кога овој број на река невработени интелектуалци, не зборувам само за лекари туку и за сите други интелектуалци за овој период колку имаме вработено или отворено нови работни места. Дали некој помислил дека во здравството имаме и превработување.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ**:(продолжение)

Што би рекле ние, како што и во стопанството дојде до рационализација."ТетексТетово од биљарди работника сега дојдоа на 5 илјади работници. Значи, повеќе од 35 дури 40% од вработените се намалија. Каде отидоа тие? Им дадоа 24 месечни плати, луѓето си отворија бизнис.

Понатаму, преку пензиско инвалидска комисија најголемиот дел во вработените од "Тетекс" почнаа до одат во пензија зголемувајќи го бројот на пензионерите, така што денес ни стигна околу 210 илјади пензионери, било по основ на редовно одење во пензија, инвалидско пензионирање, како нега итн. и други кои користат вакви давачки.

Според тоа, ако навлеземе во здравството кое брои 24 илјади вработени, па во тој случај ако одиме и ние како што отиде стопанството, голем дел од административите лица, голем дел од техничките лица, голем дел од средно медицински персонал, па дури и од лекарите од општа пракса и стоматолозите ќе си ги најдат местата надвор од работните организации. Според тоа, овие работи не се криви дополнителната работа да не може да дојде до ново вработување. Дури, отвора шанси овие амбуланти да можат да вработуваат времено со скратено време некој лекар, стоматолог, сестра, административен човек итн. кој ќе ги води административните работи. Или пак што е нешто најдобро дека еден добар дел од тие луѓе можеби се наоѓаат веќе пред пензија. Со каква логика некој да отвори организација, да вложи 150 илјади марки, кога сето тоа не ќе може после три или пет години да го исплаци. А се разбира, тоа ќе биде и многу корисно за луѓето, јас една работа и во минатото кога дискутиравме по Законот за здравствена заштита кажав дека од 1959-та година кога беше укината приватната

X/2.-

пракса, дивата приватна лекарска пракса цути насекаде, според тоа се обавува без да се плаќаат придонесите од данокот, дополнителните здравствени, пензиски или други давачки кои следат.

Според тоа мислам дека ќе направиме голема пречка , ако во овој случај несолгедувајќи ја работата овој амандман го отфрлиме, односно не го усвоиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ;:**

Има збор пратнеикот Ферик Садику

**ФЕРИТ САДИКУ:**

Почитувани пратеници, г-динот министер кога овде изнесуваше аргументи дека државата не е во можност да вработи нови кадри, во овој момент од медицинска струка, јас мислам ако државата не е во можност нив да ги вработи, тогаш треба да им се дозволи на оние кои имаат извесни материјални средства барем тој проблем да биде донекаде ублажен.

Второ, кога се гласаше Законот за здравство, тогаш ни рекоа место ќе најде во овој Закон. Денес ние од медицинската струка односно лекарите кои се присутни во Парламентот испаѓаме некако смешни да не кажам помалку здодевни, па затоа уште еднаш апелирам до почитуваните колеги овој амандман да биде изгласан за да може тие кои ќе ги отворат таквите ординации да го ублажат проблемот на невработеност во 1аќедонија.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Мислам дека треба да се разбереме. Тука имаа укажувања.

Прво, ова што го кажа г-динот Душко дека не се плаќаат придонеси, тука се согласуваме и Владата во наредниот период и во мерките на

стабилизационата програма укажува дека ќе се преземаат ригорозни мерки за плаќање на сите придонеси од оние кои обавуваат дејност без право.

Второ, државата не оти може или не може да ги вработува денес, но државата не забранува сите тие работници, не само лекари бидејќи тоа е закон за работни односи да отвораат работни места односно нивни приватни амбуланти, но да работат на едно рабното место Не може и во државно и во приватно. Сега тука шириме укажувања дека со тоа можеме да го ублажиме проблемот на невработеност.

Трето, тие кои би работеле исклучиво во приватниот сектор како лекари на пример би биле исклучиво во нерамноправна положба со категоријата која ќе работи и во јавното и во приватното здравство бидејќи оној што работи пред пладне во државна установа, болница, попладне работи кај него, а тој што работи сам нема право да оди во болница да работи како овој - да не карикирам работи како би се однесувал, веројатно праксата тоа ќе го надмине и ќе ги каже тие работи.

Од тие причини амандманот не можеме да го прифатиме .

А по повод Законот за социјална заштита што кажа мојот колега јас немам врска, тогаш бил на дневен ред Законот за здравствена заштита,а денес е Законот за работни односи. Не може некои прифаќања или укажувања на тој Закон сега да ги внесеме во овој Закон. Тоа е и сосема друга законска регулатива.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници, поднесувајќи го амандманот, како потписник на амандманот мислам дека се донесува еден општ акт, Закон за работни односи во кој ќе се инкорпорира едно право .здравствените работници но пошироко, за да може дејност надвор од полното или

скратено време. Јас така го сфатив амандманот и така беше поднесен, затоа што се донесува општ акт. А Законот за здравствена заштита можеше како лего специјалист Закон за здравствена заштита, да ги одреди односите како ќе се обавува таа дополнителна работа. Тоа значи дека ќе се мери кои ќе има и кој ќе нема такво право, затоа што еден закон не го штити заради сопственото здравје да не може да има продолжителна работа, а ние му даваме таква можност, тој таму ќе се ограничуваше и кое е тоа работно време што некој може да го спроведе како дополнителна работа, заради тоа што оние кои се изложени на јонизирано зрачење и денес им даваме скратено работно време. Сигурно ние би направиле огромна грешка и на тие луѓе да им дадеме дополнителна работа, да изложиме на поголемо значење, односно ги изложиме на опасност по нивното здравје. Затоа што целата дискусија по амандманот отиде во еден сосема ненормален правец, затоа станав да објаснам како потписник на тој амандман дека не се работи само за здравствени работници, но за сите, ако веќе влезе во Законот да им се даде одредено право да можат да обавуваат дополнителна работа.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Се извинувам што станав повторно, но морам да укажам на нешто. Усвојувањето на овој амандман, мислам дека и самите предлагачи дали точно знаат што ќе предизвика. Бидејќи се вика, се бара можност да се работи продолжено со сопствен труд и сопствени средства во своја работилница, а вели дека ќе вработат млади лекари. Како може со сопствен труд и со сопствени средства, а да вработат лекари. Тоа нема врска едно со друго. Значи, ќе отвора ординација каде што ќе вработат

млади лекари. Тоа не е веќе сопствен труд и сопствени средства, туку со туѓ труд ќе работат. Во амандманот не пишува со туѓ труд. Ако е тоа така, значи ли тоа дека јас како градежник можам да отворам за 4 часа паралелна фирма со мојата фирма да вработам 2 инженери и 20 работници и да и конкурирам на мојата фирма попладне за 4 часа. Мислам дека овој амандман ќе направи тотален хаос во неговото спроведување и мислам дека нема да е спроведен.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

19 пратеници гласаа за Амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање на нов член 39-а по член 39, поднесен од пратениците Владимир Митевски , Душан Трпчевски, Ферит Садику, Стојмир Цветковски и Јован Николов.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

При ваков кворум ние не можеме да очекуваме да се изгласа амандманот. Јас се сомневам дали воопшто има кворум. Или ќе барам поединечно да се гласа, или да обезбедиме кворум.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тука не може или - или. Ако има кворум, ка гласаме ако нема, ќе обезбедиме кворум.

Ве молам,да се утврди точниот број на присутни пратеници?

(по пребројувањето)

Во салата се присутни 65 пратеници.

Продолжувавме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1 поднесен од пратениците Димитар Трпеновски и Јован Манчевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе .

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитувани пратеници, низ овој амандман сакам да го елаборирам следното прашање.

Во членот 58 ставот 1, 3 и 4 се третира прашањето на посебна заштита на жената. Во ставот 5 се вели дека надокнадата за посебната заштита на жената, а тоа е подорилното отсуство од 9 месеци или од 1 година се врши од Фондот за здравствена заштита . Тоа како право е сосема вред и го почитувам.

Меѓутоа, тргнувајќи од следното, што е Фондот за здравствена заштита, Фондот за здравствена заштита е исклучиво за здравствен заштита. Дали посебната здравствена заштита претставува здравствана заштита. Посебната заштита на жената не е здравствена заштита. Тоа е едно крупно социјално и цивилизациско право на жената. Се поставува прашањето кој треба да ја преземе воспитната заштита на жената, во смисла на прродилното отсуство. Фондот за здравствено осигурување. Зошто? Па тој е за здравствена заштита, ова не здравствена заштита, Кој го превзема ова право во цивилизирани земји. Тоа го презема работодателот или го презема државата.

Здравствената заштита на жената е обезбедена и тоа по два основи: сите осигурени жени имаат здравствена заштита за бременост породување и леумство, а доколку не се осигурени, согласно одредбите од член 17 од Законот за здравствена заштита, тоа право го покрива државата.

Или ако го поставиме следното прашање ајде нека биде на Фондот за здравствена заштита. Ако некој користи надомест за нешто до фонд, дали тоа право му е априорно право или треба претходно да внесува нешто во Фондот, односно дали треба да има претходно осигурување, па и здравствена нека е. Мислам дека јасно е дека треба. Само еден пример. Кога некој ќе се вработи, дали следниот ден оди на годишен одмор, денес се вработил а следниот ден оди на годишен одмор. Не. После 6 месеци. Зошто? Затоа што треба да внесе труд и после да го стекне тоа право. Денес постои следното кое е во фаза на транзиција. Постојат бројни приватни фирми и претпријатија. доволно е ако некој има во фамилијата бремена жена само да се пријави и да се запише дека е вработена, а наредниот ден да се н ајде на списокот на Фондот за здравствено осигурување. Ништо не учествувала во Фондот, зборувам за една присутна малверзација.

Оттука, тргнувам од тоа дека го почитувам, правото на 9 месеци отсуство, меѓутоа, со ова право да се здобиваат тие што учествуваат во неговото финансиско покривање. Тоа право да го користат сите, но не како надомест од Фондот за здравствено осигурување доколку не учествувале исто толку во "финансирањето на тоа право. Јас знам дека ова се што ќе ;е прифати дека се наоѓаме во таква состојба, меѓутоа, не може н г фондот за здравствено осигурување да се финансира посебна здравствена заштита. Ова прашање се решава на друго место. Можеби

не со овој закон, меѓутоа, ако логички се елаборира, треба да ни биде јасно дека огромни средства од Фондот за здравствено осигурување ќе се одвиваат за права ,кои ќе се стекнат и на поинаков начин, на овој за кој што ви спомнав.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници, не сакам многу да ве заморувам со овој амандман, Меѓутоа, свесен за тоа дека колегите обрнаа малку внимание, колегата Трпеновски со неговото објаснување, јас сакам нешто малку да дополнам, а можеби нешто и ќе повторам заради сигурност во вашето одлучување при одлучувањето за тоа дали ќе гласате или нема да гласате за овој амандман.

Како што рече колегата, се работи за посебна заштита на жената, член 58, каде во првиот став каде што стои - "работничката за време на бременост, раѓање и мајчинство има право на отсуство од работа во траење од 9 месеци непрекинато, а доколку роди повеќе деца, близнаци, тројки и сл. една година" - не се менува ништо, меѓутоа, тука сакаме да се стави една запирка и да се додаде: "и тоа платено толку месеци колку што има претходно стаж на осигурување" односно да се сведе &о некакви рамки на здравствена заштита односно вложен здравствен денар.

Сакам да потенцирам дека овој проблем не е исклучително и во целина во здравствен проблем , туку е здравствен во еден период до 30 дена на перинаталната здравствена заштита на родилката, значи од раѓањето, а потоа е сосема нешто друго, веќе не се работи за здравствен проблем, а ние веќе имаме на товар на здравственото осигурување многу работи што се провлекоа и влегоа во користењето на тој здравствен центар.

X/9.-

Затоа, сакам да нагласам, прво, дека не може да се води популациона политика на товар на здравствениот денар. Тоа се права што треба да ги обезбеди државата преку Буџетот и други пропусти.

Второ, заради манипулациите кои ги кажа колегата од вработувањето кај приватниот сектор особено, а може и во другите претпријатија, непосредно пред почеток на родилното отсуство се вработуваат бремени жени точно пред породувањето, со што се атакува на здравствениот денар и на здравствениот фонд кој мора да се заштита од такви случаи и кој треба да служи на својата основна намена.

Трето, нешто слично како што рече колегата и со правата што се остваруваат од користењето на годишен одмор, одморот е регулиран према претходниот стаж на осигурување, тука нема алтруизам А зошто да има алтруизам да речеме во овие права. Но, не би требало да го има ниту во овој закон, освен она што го викаме солидарно. Зошто? Под името односно под плаштот на солидарност на овој фонд се натоварија многу работи. Ние сме свесни за тоа и знаеме дека многу нездравствени проблеми заради кои, а и заради некои други проблеми нема излез од овој маѓепсан круг кој се врти околу овој Фонд . Јас би ве запрашал што е со невработените жени, како ве нивниот статус, зошто една невработена жена исто така да не потпадне под некои си таков закон заради нешто друго и надвор од оваа материја треба да се третира. Основно за мене е дека жената го задржува правото на работа и на работното место, а плаќањето треба да биде од второстепено значење за овој закон, кој е од сосема друга област, зашто и по друг основ државата може да обезбеди плаќање ако сака да го регулира наталитетот и да ги заштитеа родилките и посвоителите.

X/10.-

На крајот би потенцирал дека овој Закон за работни односи материјално навлегува во друга материја односно во друг закон, Законот за здравство и Фондот за здравство.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ**:(продолжение)

Затоа е и поднесен Амандманот на овој член 58 кој во основа не скратува ничие право во основа, освен ограничување на одредени материјални права на тие што не вложиле во овој фонд.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дозволете јас би сакал по овој амандман да се произнесам и тоа од името на пратеничката група на Социјалистичката партија.

Потполно ги разбирам причините и мотивите зошто предлагачите се определија за еден ваков амандман, имајќи ги предвид вкупните материјални состојби во Фондот, можностите што државата ги создава или сегашните моментални финансиски можности.

Меѓутоа, во името на пратеничката група ценам дека е крајна вулгаризација на мајчинството, на негрижата за нашето потомство, за наталитетот на оваа држава. Мислам дека вакво вулгаризирање на една нега што една> држава треба да пружи спрема сите новородени деца во оваа држава е крајно нехумано и неприфатливо.

Од тие причини не можеме ние да утврдуваме во кој месец нас вработеност жената може или не може да остане бремена. (вознемиреност со гласно реагирање од страна на пратениците) Или, доколку се вработи после 3 месеци остане бремена треба жената да абортира не може да биде згрижена од друштвото. (гласно реагираше од пратениците).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам за тишина.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Според тоа, ова е вулгаризиран пристап во однос на овој третман. Ценам дека друштвото треба да покаже еден широк однос, дури јас би ве потсетил на одредени дискусии кога се бараше и до 3 години, како и во некои други држави, да се обезбеди заштита на мајчинството.

По наша оценка ова е неприфатливо.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, навистина човек не може да не реагира кога навистина на еден начин би сакале да елаборираме едно прашање, достоинствено и едно право како цивилизациско право на жената, стварно да и го дадеме правото место тоа не еден ваков начин да се вулгализира, да се покаже, еден, наместо придонес кон решавање на ова прашање, да се пријде кон еден сосема вулгарен, критички однос кој што не е комплементарен на парламентарноста.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Не ми е вообичаено навистина да излегувам вака да реплицирам, меѓутоа, морам да кажам дека колегата Киро Поповски навистина не разбрал за што ние се залагаме.

Ние се залагаме да се реши мајчинството. Не може со толку ниско на здравствени работници,.на лекари да им се подметнува такво вулгаризирање на проблеми на работите. Јас го поставив дури прашањето што е со другите жени, зошто не се подведат под некој закон, зошто вработените жени да имаат право на мајчинство, а не вработените не. Како тоа? Можно ли е тоа? Дали е тоа на проблемот и на мајчинството.

Проблемот е нешто друго, дека ние атакуваме на денар кој не е наменет на тоа. Тој денар е за нешто сосема друго. Мене ме чуди зошто овде не е присутен министерот за здравство врз чиј фонд се атакува. Зарем овој закон воопшто не е интересен за здравството.

**КИРО ПОПОВСКН:** (реплика)

Почитувани пратеници, никого не апострофирав, јас со самиот предлог изнесов свој став и на пратеничката група.

Тоа го сфатив како неодговорен и како негрижа кон нашето потомство. Бдеејќи, ако го земеме просекот на личните доходи во Републиката во услови кога е тешко ако и двајца се вработени во семејството, трето кога тие млади луѓе што се вработуваат, обично сега со 5-6 задоцнување , често пати младите мајки на 30 години раѓаат прво дете со приправнички плати или со минимални доходи, каква ќе биде грижата за тоа новороденче ако биде на егзистенција на еден минимален просечен личен доход во едно семејство? Каква грижа ќе се покаже од страна на општеството на тоа дете ако на еден личен доход, просечен или минимален се остави да се грижи мајката вработена без личен доход во дадена ситуација.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Мора да се соочиме дека е во прашање недоразбирање. Господинот Поповски не мислеше лошо. Свесен е дека подносители на амандманот се пратеници, лекари, најзадолжени да го штитат здравјето и на мајката за време на бременоста, после на мајката леунка, после породувањето и на новороденото. Според тоа тие ништо лошо не мислеле со ова.

Според тоа, амандманот го разбирам за да се спречи злоупотреба. Има случаи кога бремена мајка пред породување, неколку дена се прима фиктивно во работен однос. Ниту оди на работа, ниту ништо, а после се здобива со право за 9 месеци да добива од Фондот парични принадлежности со што истиот го оптоварува.

Пак се поставува уставниот основ дали мајката која не е вработена, немала врски да се вработи како бремена жена, значи пред породување е таа што е примена, а примена е со дебели врски пред да се породи , ја примаат на работа и после ја шлепува фондот. Јас мислам дека"колегите токму на тоа мислат. Онаа која нема врски, невработена, иако ние пропагираме дека породувањето е бесплатно, во сите установи им бараат барем плав картон од бирото за вработување , или пак од Фондот каде ќе потврдат дека е социјален случај. Се декларираме дека е бесплатно породување, меѓутоа на сите се бара да документираат дека по некој основ некој ќе го плати тоа породување. Значи, невработените мајки се во нерамноправна положба во однос на оние што се како злоупотреба.

Примерот што го кажа г-динот Поповски, лесно е математички да се пресмета, ако во третиот месец забремени, значи уште 6 месеци ќе придонесува во фондот како вработена. Според тоа, мислам дека е недоразбирање.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, вака е кога мажите зборуваат за мајчинството, нели, впрочем се виде.

Впрочем беше кажано јас така го сфаќам амандманот, се мисли за делот на злоупотребата на законот од приватни претпријатија во смисла на користење на средствата. Од овде треба и Владата да подразмисли малку да ја доведе државата во ситуација да не расправаме ние за вакво прашање, за едно вакво хумано прашање на еден ваков начин и камо среќа државата да може да обезбеди целосно покривање во смисла на надоместок на плата како на вработената така и на невработената жена до трето дете. Но, тоа е сепак проблем за некој друг закон, а не за овој закон.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Јас мислам дека навистина е недоразбирање по повод оваа проблематика, односно овој амандман.

Амандманот го сфаќаме со најдобра намера да се надминат некој проблеми што се во областа на здравството. Можам да информирам дека овој проблем беше присутен и во Владата кога законот се наоѓаше во пакетот на седницата на Владата. Инсистирањето на здравството е дека ова како посебно право, на заштита на жената кога е бремена односно породилното, боледување, за тие 9 месеци кој треба да плати. Тука е основниот проблем и основниот спор.

Се укажуваше од колегите, односно од министерството за здравство, дека тоа треба да го плати некој друг, државата, министерството за труд и социјална политика, бидејќи е тоа социјала, дека е тоа детска заштита, популациона политика итн. Имавме и вие ч други аргументи, контра аргументи дека е тоа боледување, колку дена е под боледување, до колку дена може да биде неболедување итн.

Владата се определи, имајќи ја предвид Меѓународната конвенција, ова не е право што ние го измислуваме, ова е утврдено со Меѓународна конвенција за заштита на правата на жените и таксативно е утврдено дека на жената и следува толку и толку, мислам 270 денови право за материјална заштита додека е како на породилно, односно во другите ставови колку дена за посвојување или ако има близнаци, тројка итн.

Тука не би требало да спориме и затоа не можеме да прифатиме бидејќи се утврди, а сите ние знаеме дека стапката за здравство што ја плаќа стопанството и сите вработени во Македонија е билансирана со процент за ова право. Сега требаше да се намали стапката од 8% на не знам колку, нула кома нешто посто за да се префрлат тие пари во друго министерство, во други буџетски извори за да се надокнади тоа.

Владата остана на становиште дека не треба сега да се прават такви математики бидејќи е тоа веќе билансирано во стапката за здравство од 8% да остане и понатаму во здравството. Сигурно во наредниот период ќе мора да се најде соодветно решение, доколку утврдиме, тогаш ќе треба да се намали таа стапка, да се префрли на друго место и таму треба да се плати.

Инаку, да информирам дека за оваа проблематика има и одлука на Уставен суд на Македонија, според која се кажува дека без оглед на времетраењето на работниот однос таа има право да користи девет месеци породилно боледување.

XI/7

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Мислам дека овде има одредени недоразбирања. Еве од каде произлегуваат:

Прво, сигурно дека средствата што се издвојуваат како придонес за здравствена заштита влегува и здравствената заштита на жената и детето. Тука не е спорно.

Но, амандманот е во функција на злоупотреба на вработувањето. Ништо друго.

Ако направиме една математика, секоја жена вработена два месеци пред да забремени го користи тоа право, но не би требало да го користи онаа која што по некои врски е вработена 15 дена пред породувањето. Такви работи се случуваат. Се, со цел да се користи одредено право за после завршувањето на породилното боловање, да остане пак без работа. Тоа го има. Ако јас, мојата снаа имам приватна фирма, немам интерес да биде вработена, а заради користење одредено право за што имам интерес ќе ја пријавам во Фондот за ПИО, ќе плаќам 15 дена придонес за ПИО, за да може да го користи тоа право. Амандманот е во функција на тоа, а не за друго.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Господа пратеници, јас мислам дека амандманите се поделени ги имаме прочитано. Во амандманот пишува:

"и тоа платено толку месеци колку што има претходно стаж на осигурување".

Значи, до колку некоја жена е вработена 2 месеци, пред 2 месеци, а вработувањето претпоставува добивање на засновање постојан работен однос, таа се здобива со тоа право и логиката на амандманот е

таа да прими само 2 месеци, а не 9. Јас укажав дека имаме писмена одлука на Уставен суд која ги поништи одлуките на Министерството за здравство, носеше решенија и им ускратуваше право на жените на 2-3 месеци, зависно која колку работела. Уставниот суд се произнесе по оваа проблематика и состојбата е јасна. Затоа ние не можеме да предложиме нешто противуставно во овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?(не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (29 пратеника).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ**: (Продолжение)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 58 став 1 поднесен од пратениците Димитар Трпеновски и Јован Манчевски

Отворам претрес по амандманот на член 82 за менуваше на став 2 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, за овој амандман на член 82 став 2 ќе ви го кажам само овој став. Ако кај работодавецот се организирани повеќе синдикати обврските од став 1 на овој член се однесуваат само на мнозинскиот синдикат. Гледајќи го овој став јас и колегата Стоиле Стојков го дадовме овој амандман.

Во член 82 став 2с е менува и гласи "ако кај работодавецот се организирани повеќе синдикати обврските од став 1 на овој член се однесуваат на најмалку 2 синдиката".

За ова го даваме следното образложение. Со една ваква одредба се избегнува фаворизирање на само еден синдикат и се создаваат услови за плуарализам во синдикално организирање. Не треба да дозволиме да се фаворизира еден синдикат и тој да ствара монопол. Знаеме какво општество сме сега. Поубаво е да има 2 синдиката, да има натпревар меѓу тие 2 синдиката.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Прво, во законот не се фаворизира никаков синдикат ниту оној туку работодавецот обезбедува услови за работа и преговарање.

На слободни избори синдикалните организации односно синдикатите колку ги има кој ќе победи нека победи, кој ќе биде мнозински со него може да се договара да се обезбедуваат средства и услови за работ Оваа пракса е секаде во западниот свет. Инаку каде би не одвела практиката па сега со два три синдикати работодавците да обезбедуваат канцеларии, средства за работа да се договара со еден со друг итн. Затоа прифатено е само мнозинскиот синдикат. Во цел свет таква практика се спроведува.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (15 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 82 за менување на став 2 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член 8 3 за менување на став 2 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. заштита

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Со оглед дека со амандманот се бара посебната заштита на претставникот на синдикатот да биде обезбедена и после завршувањето на мандатот во рок од 2 години ние не можеме да го прифатиме биде оценува дека посебната заштита на тој синдикат може да биде н да се обезбедува само додека трае неговиот мандат. Од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Барањето за заштита на тие што го организираат синдикатот е од следните причини:

Посебна заштита и по истекот на мандатот на претставникот на синдикатот е во согласност и со меѓународните норми прифатени во развиените демократски земји. Значи, во демократските земји постојат дури и конвенции после кога ќе му заврши мандатот на тој организатор да може слободно да се вработи пак на своето работно место, да не се врши на него притисок. Ако не се врши притисок тој многу убаво ќе работи додека му трае мандатот. Инаку, тој постојано ќе се плаши и затоа ова го има во многу европски земји. Затоа и кај нас да го има за две години. Многу подобри резултати ќе има во работата на тој човек отколку ако се плаши кога ќе се врати на работното место па да биде малтретиран.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Ова право и заштита на синдикатот е обезбедено во член 113 точка 1.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор ? (Не бара)

Бидејќи друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 83 за менување на ставот 2 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков.

Отворам претрес по амандманот на член. 108 став 1 точка 5 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стојков.

XII/4.-

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Да го чуете ставот на член 8 став 1 точка 5 "работникот кога ќе наполни 40 години пензиски стаж или 65 години живот и најмалку 15 години стаж на осигуруваше ако работодавецот во согласност со условите утврдени со закон и општ колективен договор не одлучи работникот да остане во работен однос".

Во член 108 став 1 точка 5 по зборовите "стаж на осигурување" запирката се заменува со точка, а другите зборови се бришат.

За тоа го даваме следното образложение. Во услови на зголемена вработеност правото за работа на над 40 години стаж и 65 годи ни старост не се во функција на делумно разрешување на невработеноста Значи после 65 години ќе работат, а слушавме пред малку што се зборуваше за таа вработеност.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Значи овој амандман се однесува да се укине правото, бидејќи во законот овозможуваме право да работник може и после 65 години наполнета старост да работи доколку тоа е предвидено со посебните закони. Тука господо пратеници се мисли на врвни стручњаци од науката итн. кои со посебните закони е утврдено дека можеме да користиме. Таа пракса е во целиот свет и цениме дека би требало да им се обезбеди да работат и после 65 години.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Никаде не пишува за врвни стручњаци, туку стаж на осигурување најмалку 15 години. Тоа, а не врвни стручњаци. Го гледаме стажот на осигурување.

XII/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 точка 5 поднесен од пратениците Кирил Ковачевски и Стоиле Стој ков.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Јас се извинувам господине потпретседателе што малку касниме Еве ние на лице место овде го поднесуваме, а Вас ќе Ви биде писмено доставено, поднесуваме амандман на член 58 став 1. Зборот "9 месеци" се заменува со "18" , а зборот "една година " се заменува со зборот "две години".

Молиме да се изјасниме за овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Амандманот писмено е поднесен во 17,40 часот на денешен ден

Дали пратениците сакаат да почекаат да се умножи текстот на амандманот или да го прочитам тука (да се прочитам тука)

Отворам претрес.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАС САБРИУ:**

Со оглед дека со овој амандман се предлага да се дуплира времетраењето на правото на породилно боледување, материјалните можности на Републиката, ние расправаме дали е малку или многу, а не

18 наместо 9. Владата не може да го прифати овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (9 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 58 став 1 поднесен од пратеникот Ристо Јованов.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (53 пратеника)

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (11 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за работни односи.

Минувам ена **точката 25** - Предлог на закон за продажба на деловни згради и деловни простории на Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите ка работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

XII/7.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за градежништво и урбанизам поднесе амандмани на член 4, член 5 и на член 6 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 2, алинеја 1,2 и 3 и за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2; член 3 став 1 за додавање нова алинеја 2; член 4 став 3, 6 и 7, член 9 став 1, член 13 став 2 и 4 и член 15 став 2; член 4 став 4; член 5 и 6 на членот 7 со кои Владата не се согласила.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 2 став 3 за додавање нова алинеја 4 и на член 13 став 1 покој Владата не е произнесена.

Пратеникот Шабан Превала поднесе амандман на член 13 став 1 и истиот го повлече.

Пратеникот Шабан Превала повторно поднесе амандман на член 13 став 1, а пратениците Абдурахман Алити и Алил Џаферовски поднесоа амандмани на член 13 став 1 и 2 и на член 14 став 1 по кој Владата не е произнесена.

Пратениците Никола Апостоловски, Борко Горчевски и Цветан Горчевски поднесоа амандмани на член 14 за бришење на став 1 и пратениците Никола Апостоловски и Ефтим Манев поднесоа амандман на член 14 за бришење на став 1 по кој Владата не е произнесена.

Отворам претрес по амандманот на член 14 за бришење на став 1 поднесен од пратениците Никола Апостоловски и Ефтим Манев.

Молам, кој бара збор?

Со оглед дека ова се нови амандмани и министерот ги нема добиено за овој амандман ќе водиме расправа по завршувањето на другите амандмани.

XII/8.-

Отворам претрес по амандманот на член 2 алинеја 1,2 и 3 за додавање нова алинеја поднесена од пратеникот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со оглед на тоа што со предложениот закон се утврдува правото во поглед на користењето на управувањето и располагањето на деловните згради и деловните простории на кои права должности и одговорности има РМ сметам дека би требало во член 2 задолжително да влезе нова алинеја. Според предлогот во амандманот по алинеја 2 да се додаде нова алинеја која ќе гласи.

XIII/1 СП/ПН

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Под деловен простор во смисла на овој закон се смета, покрај другите алинеи, и деловниот простор создаден за поранешните општествено - политички организации, Сојузот на комунистите на Македонија, Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија, сојузот на социјалистичката младина на Македонија и сојузот на здруженијата на борците од НОВ.

Познато ни е дека Владата под претседателство на д-р Никола Кљусев презеде активности со кои се донесе акт за преземање на имотот од овие општествено - политички организации, меѓутоа во Уставниот суд на Македонија се донесе одлука со која се укажа дека преземањето на овој имот од овие општествено - политички организации чија функција престанала или е укината со новите промени на Уставот, треба да се уреди со посебен закон односно со закон наместо со акт - уредба или одлука, како што тоа го направила Владата.

Имајќи предвид дека во постапка на Собранието на една започната, но недовршена 43-та или 53-та седница се наоѓа еден таков закон за преземање на имотот од поранешните општествено- политички организации, сметам дека е неправилно и неприфатливо за мене лично мислењето од Владата дека имотот на наведените општествено - политички организации не може да се смета за државен и заради тоа не би требало да потпадне под режимот утврден со Предлогот на законот за продажба на деловните згради и деловни простории на Република Македонија.

Владата во своето образложение за неприфаќање на амандманот тврди д»ка ова прашање треба да се уреди со посебен закон и тоа само за оној дел што не преминал во согласност со членот 16 од Уставниот

закон за спроведување на уставните амандмани 57 до 80 на Уставот од 1974 година во државна сопственост, бидејќи до сега не е направено разграничување на имотот што согласно наведениот член од наведениот закон поминал во државна сопственост, сметаме дека нивниот целокупен имот не може да се подведе под членот 2.

Имајќи го предвид укажувањето на Уставниот суд дека тоа прашање за имотот на овие општествено - политички организации кои престанале со Уставот од 1974 година не зависно што некој си калеми и придодава правно наследство од тој имот од новоформираните политички партии во РМ, сметам дека е погоден момент во овој закон под деловен простор на кои права, должности и одговорности во поглед на користење, управување, располагање ќе има Републиката, би требало во членот 2 да се направи едно дополнување во смисла на предложениот амандман како што е даден.

Имено, под деловен простор во смисла на овој закон да се смета и деловниот простор создаден за поранешните општествено- политички организации и тоа СКМ, ССРНМ, ССМ, ССММ и СЗБНОВ, затоа апелирам до пратениците да го усвојат овој амандман сметајќи дека на тој начин дилемата од некое дополнително разрешување на тоа прашање со некој друг закон во некое идно несвршено време ќе се надмине, бидејќи прашањето ќе биде уредено со овој закон, од причини што во овој закон се уредува целиот деловен простор и деловни згради врз кои права, должности и одговорности во поглед на користење, управување и располагање треба да има државата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да гласаме, ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници и да се повикаат пратениците да влезат во салата.

Има 58 присутни пратеници во салата, па ве молам да се повикаат пратениците да влезат во салата. Се работи за 4 пратеника, односно 3, а гледам во холот има пратеници кои не сакаат да влезат во салата.

(Во меѓувреме дојде потребниот број на пратеници)

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (22)

22 пратеника гласаа "за".

Констатирам дека 22 пратеника гласаа "за". Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, алинеја 1, 2 и 3 и за додавање нова алинеја 3 по алине 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Има збор г-динот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Изразувајќи сомневаше со резултатите од гласањето, барам поеминечно гласање, доколку ме поддржуваат 10 пратеници.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат? (Има)

Го молам секретарот да пристапи кон поединечно  гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | воздржан |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | не е тука |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | не е тука |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | воздржан |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | не е тука |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | воздржан |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ТОРГЕСКИ | не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | воздржан |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |

XIII/5

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | воздржан |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | за |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | не е тука |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | не е тука |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | не е тука |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 56, ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | против |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | воздржан |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

XIII/6

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | воздржан |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | воздржан |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | не е тука |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | за |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | не е тука |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | не е тука |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | не е тука |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКК | против |
| 97. НИКОЛА СЃОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | не е тука |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | за |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | воздржан |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | за |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

Дали има некој што влезе сега? Душко Ѓорѓески - против, Стојан Ковачевски – против, Зоран Крстевски -воздржан.

Дали има уште? (Нема).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Вкупно гласале 70 пратеника.

1 гласале "за", 26 "против" и 13 "воздржани".

Сомневањето е елиминирано.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 алинеја 1, 2 и 3, за додавање нова алинеја 3 по алинеја 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 за додавање нова алинеја 4, поднесен од пратеникот Тодор Петров, по кој Владата не е произнесена.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Хајредини, министер за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот предложен од г-динот Тодор Петров од причина што деловниот простор на Армијата не е предмет на овој закон, тој се уредува согласно Законот за одбрана со уредба на Владата.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене воопшто е неприфатливо мислењето и образложението на Владата и на министерот заради тоа што со Законот кој е на дневен ред се уредуваат правата, должностите и одговорностите во поглед на користењето, управувањето и располагањето на деловните згради и деловните простории на РМ.

Имајќи го предвид дека со Законот за одбрана имотот на поранешната ЈНА кој се пренесе на Армијата на РМ се прогласи со тој закон за државен имот на кој право на користење, управување и располагање има државата, сметам дека е неприфатливо од моја гледна точка за деловниот простор и деловните згради да има еден закон земен и пренесен од СИЗ-овите, а за деловниот простор на Армијата да се уредува тоа прашање со некој посебен акт или уредба од страна на Владата поготово што со овој текст односно со наредниот текст на Законот се формира јавно претпријатие кое ќе стопанисува со деловните простории и деловните згради што се во државна сопственост и во

сопственост на Република Македонија. Имајќи предвид дека нема потреба од постоење на два правни субјекта, едно јавно претпријатие за целокупниот државен имот освен имотот на Армијата, а со некоја друга уредба да се регулира основање на некое претпријатие или посебно правно лице кое ќе располага, управува и го продава имотот на Армијата во смисла на деловни згради и деловни простории, сметам дека треба да се прифати амандманот кој предлага во членот 2 под деловен простор во смисла на овој закон да се смета и деловниот простор создаден и пренесен на Армијата на Република Македонија, како нова алинеја 4 после алинејата 3 во членот 2 на овој Предлог на закон.

Тоа го наведувам и од причини што со овој деловен простор како да стопанисува и управува некој врз кој и пошироката јавност нема никаков увид поготово ние во државата пред се во Собранието, тој деловен простор не се знае на колкава површина е, не е се знае кој кому како го дели, по кои критериуми и произлегува дека се што си остана деловни простории од зградите на поранешната ЈНА сега некој си го продава од мене на тебе преку луѓе кои си се блиски во Владата и до Владата.

XIV/1 JJ/НД

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Имајќи предвид дека со овој закон се уредува користењето управувањето и располагањето со деловните згради и деловни простории на кои право на сопственост има државата односно РМ сметам дека е место во членот 2 од Предлогот на законот под деловен простор на РМ да се смета и тој деловен простор што е создаден и пренесен на АРМ. Ако ништо друго, барем ваквата формулација ќе создаде обврска целиот да се евидентира по квадратура, местоположба, и создавање прегледност за располагање на овие деловни простории од страна на ј

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави Биљана Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Ние на Комисијата не ги гледавме амандманите што беа поединечно поднесени од пратениците затоа што немаше доставено мислење од Владата и заради брзината со која се бараше одржувањето на оваа седница. Би сакала да го кажам своето мислење околу овој амандман. Можеби овој амандман треба да се разгледа малку поинаку заради тоа што со станбениот и деловниот простор во сопственост на на Бившата ЈНА се стопанисуваше на сојузно ниво и затоа се немаше увид, ние пратениците па и државата Македонија поединечно немала увид во тој станбен и деловен простор, а имајќи предвид дека сега Министерството не излезе со посебна програма, одлука или некој друг документ за тоа како се презема тој станбен и деловен простор можеби овој амандман заслужува малку поголемо внимание, еве јас ќе замолам да се размислува малку на тоа поле и го по амандманот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор пратеникот Никола Поповски.

XIV/2

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се согласувам дека овој амандман е интересен и заслужува внимание меѓутоа, за да можеме да одлучуваме јас го молам прелагачот да ги информира пратениците што е тоа што го натерало имотот на армијата од сите други државни имоти, посебно да го извлече и да го стави во Законот, а не на пример имотите и на другите органи на управа или државни имоти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Имотот на армијата предлагам да се стави посебно во овој контекст на предложениот закон заради тоа што со наредниот закон што треба да се донесе се основа и формира јавно претпријатие кое ќе стопанисува со деловниот простор на РМ. Ако веќе создаваме пред-услови целиот деловен простор што е во државна сопственост и на кој право на користење, управување и располагање има Републиката, независно што станува збор за деловен простор на Армијата, се предлага и тој да биде подведен во смисла на овој закон како деловен простор на РМ. Од причини што од еден или друг извор се зборува дека има или нема прегледност колкав е тој деловен простор со кој располага Арми јата, кој стопанисува со него и дали тој деловен простор, се продава се издава под закуп односно некој со него стопанисува. Ако Армијата има одбранбени функции за: државата во системот на одбраната и безбедноста, зошто да оставаме и примаме некои атрофирани решенија ков за мене сега се неприфатливи,да постои во рамките на Армијата некое правно лице кое ќе стопанисува повторно со деловен простор што е наследен од поранешната ЈНА. Пред се, приземјето, мезанините од поранешна ЈНА сега дадени на користење на АРМ што останаа како имот на државата Македонија, меѓутоа, тоа право

на располагање, управување и користење го има, не знам според мене кое правно лице или претпријатие во рамките на Армијата. Ако веќе формираме едно единствено јавно претпријатие во Републиката, предлагам и тој деловен простор да потпадне под овој режим односно под режимот на Законот за продажба на деловни згради и деловни простории со кои ќе се утврдува правото на права, должности и одговорности во поглед на користење и управување на деловни згради и деловни простории на РМ. Со Законот за одбрана утврдивме целиот имот да биде на државна сопственост. Од тие причини мислам дека е пожелно тој деловен простор да потпадне под режимот на овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прашањата што се отвораат во расправата овде не се уредуваат со овој закон, веројатно дека има прашања што се во ред, за статусот и на тој имот. Точно е само едно дека овој пат станува збор за продажба а не за статусот како ќе биде утре тој деловен простор. Се тоа е за дискусија и може е прифатливо, дали ќе биде здружен во тоа претпријатие итн. меѓутоа тоа не е за овој закон. Предлогот е, јасно е дека сега не се продаваат, тој деловен простор на армијата. А каде ќе биде можни се и такви решенија во иднина. Овој закон ја уредува намената на средствата за продажба на овој деловен простор што е државен, здружен во тие СИЗ-ови односно тоа претпријатие што ќе биде во иднина. Значи можно е во иднина статусот на тој имот да се реши на разни начини па и да биде преземен. Значи продажбата е предмет во овој закон. Овој пат не се предлага продажба на тој дел од деловниот простор, Статусот, управувањето и за раководењето се можни разни решенија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Точно е дека насловот на законот гласи продажба на деловни згради и деловни простории. Во членот 2 од Предлогот на законот се дефинира деловниот простор и деловните згради во смисла на овој закон за Република Македонија. Меѓутоа, во наредниот член 3 се вели кој деловен простор и деловни згради не подлежат на продажба што е предмет на овој закон. И во членот 3 се наведени дека предмет на продажба според овој закон не е деловниот простор и ги наведува. Ако државата односно министерството или Владата сметаат дека тој деловен простор не треба да потпадне под продажба со овие одредби, сметам дека и во членот 3 може истата формулација да се препише и да се каже дека под деловен простор на кој право на располагање управување и користење ќе има Републиката е деловниот простор пренесен и создаден на АРМ, меѓутоа во членот 3, веднаш ќе се каже дека тој нема да биде предмет на продажба со овој закон. Така да јавното претпријатие кое ќе се формира со наредниот закон што е на дневен ред ќе може да го преземе и евидентира и овој деловен простор врз основа на овластувањата од членот 2 дадени во овој предлог-закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи на повеќе пати беше кажано за јавното претпријатие што ќе се конституира со наредниот закон што е на дневен ред, затоа двата закони се комплементарни еден со друг, напомнувам дека и членот 10 се кажани кои се средствата на јавното претпријатие, а тука се средствата

пренесени од СИЗ за становање, средствата од закупнините на станбен и деловен простор на Републиката, средствата остварени од издавање на станбениот и деловниот простор, средствата од вршење на проценка при продажба на станбениот и деловниот простор итн., што значи дека целокупниот државен имот е предмет на продажба со овие два закони. Во овие два закони имаме исклучок во членот 3 став 2 каде што се кажува дека имотот за обавување на дејноста ќе се исклучува од продажба. Да ви кажам и тоа дека целокупниот деловен простор на АРМ е организиран во јавно претпријатие "Вардар" кое располага и вие немате створено ниту материјално ниту правно процесуални претпоставки да го симнете правниот субјективитет на тој дел и да м^ го одземете имотот,за тој имот без да створите правни услови во законите што денеска се предлагаат. Па оттаму сметам дека иако е тоа државен имот не стои да биде предмет на продажба, денеска со овие два закони денеска, го исклучуваме, го изземаме или пак правиме иземање на тој дел од имотот, што не значи дека во иднина до било кој друг законски пропис не може да дојде за продажба. А во членот 10 каде што кажувате дека го дефинирате членот 1 што е имотот на Република Македонија, поточно во членот 10 ние кажуваме за кој имот станува збор, како основачки влог на тоа претпријатие. Не значи дека "целокупниот државен имот е основачки влог на тоа претпријатие. Оттука треба да се прави разлика.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене навистина постои една дилема. Ако со законот за стопанисување со станбен и деловен мораме јавно претпријатие, со законот за одбрана имотот на армијата е во државна сопственост на РМ, тогаш за мене постои дилемата и една нелогичност значи за деловниот

простор во Републиката, за имотот со кој располага и стопанисува РМ има две јавни претпријатија, едно во рамките на Армијата а едно во рамките на она што ќе го преземеме од сизовите. Затоа е нелогичноста зошто тогаш може и во тој закон да се додаде да се додефинира имотот на тоа јавно претпријатие. Меѓутоа да постојат две јавни претпријатија и да вршат стопанисување со имот на државата за мене е нелогично. И сепак постои место во членот 2 и 3 независно што насловот на Законот гласи Продажба на деловни згради и деловни простории на РМ, за деловен простор со кој ќе управува и ќе го користи Републиката да се дефинира имотот создаден и пренесен на АРМ, за кој во членот 3 може да се каже дека не мора да биде предмет на продажба, утврдено во смисла на овој закон.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас би бил склон да го поддржам амандманот на господин Петров, затоа што навистина има солидно образложение. Едноставно изостануваат факти кои до крај можат да не убедат сите пратеници за бројот стандардот на овој деловен простор за кој станува збор. Инаку одма да кажам, причините што се наведуваат во врска со ова прашање одат дури и до таму што добар дел од овој станбен фонд што, бившата ЈНА го градеше, го издаваше под многу бенифицирани услови во своето работење тогашната дирекција, во услови кога таа си заминуваше и го даваше под услови со договори на закуп на одредени правни и физички лица кои тој деловен фонд го користат по багателани цени и остваруваат висок профит во рамките на договоревте што сегашната АРМ ги наследи согласно договорот Аџиќ-Глигорово.

XIV/7

Мислам дека прашањето во врска со грижата за тој деловен фонд треба да се реши еднообразно на начин како што се предлага со амандманот и можда расправата овде што се поврзува овде овој амандман со двата закони, може да се најде место во решението на член 2 од Предлог-законот за продажба на деловни згради и деловен простор, каде што се дефинира деловниот простор во смисла на овој закон, а одма да обрнам внимание дека во членот 15 од истиот закон се кажува дека продажбата на деловниот простор ќе се врши според годишна програма што ја носи Владата на РМ. Тоа значи дека тој деловен простор има решение во Предлогот на законот, не мора да стане предмет на продажба, нема да влезе во тие програми, туку едноставно ќе се евидентира и како деловен простор на РМ согласно законот за кој целосно грижа ќе преземе согласно другиот закон претпријатието за стопанисување со станбениот и деловниот простор на РМ, и кое ќе се однесува како совесен, кој би требало согласно прописите да се однесува како совесен стопанственик. Мислам дека нема никаква пречка, според мене да се усвои овој амандман, без никакви додавања во натамошните членови на начин како што е предложен од предлагачот Тодор Петров.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор госпоѓа Лазаревска.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Заради објаснување, лично мое, околу усвојувањето на амандманот, би го замолила министерот Туше Гошев, бидејќи се повижа на Законот што после овој треба да го разгледуваме и усвоиме, јас би го замолила да каже дали членот 13 или членот 16, да ми објасни ќе се однесува и за јавното претпријатие "Вардар" за кое не знаеме кој го оформил и Дали е во континуитет од некој друг систем. Мислам за појаснување околу гласањето за овој член, за да видиме дали ова претпријатие ќе го продава овој деловен простор или не.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас реков дека тој дел од имотот не е основачки влог на тоа јавно претпријатие и тој е изземен. Таму јавното претпријатие "Вардар", или не знам како се вика си има правен субјективитет и е регистрирано по сите законски прописи, како што е регистрирано. Јас оттука кажувам дека ние со овој закон не ствараме материјално - правна претпоставки за да направиме стечај или да го ликвидираме тој сто- пански субјект или да му го одземеме тој дел од имотот. Оттука, јас кажувам, дека тоа е ствар и политика на државата - оснивачиот влог на јавното претпријатие утврдено во членот 10. Продажбата на тој дел од имотот е изземен и не може да биде предмет на продажба според законот што сега го предвидуваме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

23 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 3 за додавање нова алинеја 4 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 за додавам нова алинеја 2, поднесена од пратеникот Тодор Петров.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 1 за додавање нова алинеја 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3, 6 и 7 член 9, член 13 став 2 и 4, и член 15 став 2, член 4 став 4, и на член 5 и 6, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? / никој

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (14 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 3, 6 и 7, член 9, член 13 став 2 и член 15 став 2, член 4 став 4, член 5 и 6, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во врска со член 13 став 1 почитувани пратеници има повеќе амандмани од разни аспекти. Амандманот од господинот Тодор Петров има за цел да им даде предимство на девизните штедачи. и купувањето на деловниот простор што ќе биде на продажба. Владата имајќи ги предвид токму девизните штедачи со друг закон сите средства од продажбата на деловниот простор се наменети за девизните штедачи, така да цениме дека деловниот простор што се продава со пазарна цена, не е случајот како со становите, што повеќе средства да се соберат,

подобро ќе биде за девизните штедачи. Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Членот 11 дозволува право кога цената на деловниот простор се плаќа со откуп на депонирани девизни влогови по денари стекнати по основ на продажба на ефективни странски средства, цената да се намали за 15%. Меѓутоа прашање е според примената на членот 13 став 1 од Предлогот на законот, дали воопшто тие девизни штедачи кои дошле на ред со заробени девизни средства во банките, дали би дошле воопшто на ред за да откупат деловен простор според критериумите за продажба на истиот наведени во членот 13 став 1. Имено во членот 13 се предлага единствено право на купување при продажба на деловниот простор да има сосопственикот, а ако таков нема, купувачот на деловниот простор кој во него врши дејности и го користи најмалку три години пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со предложениот амандман се предлага истиот е прецизно дефиниран, а не како што Владата дава во своето образложение за не-прифаќање дека е непрецизно дефиниран во смисла на изнесување на редоследот на носителите на предимственото право на купување, амандманот што се предлага во членот 13 став 1 се предлага предимствено право да имаат девизните штедачи* И тоа предимствено право на купување при продажба на деловниот простор имаат девизните штедачи, потоа сопствениците ако такви нема, за купувачот на деловниот простор кој во него врши дејност и го користи најмалку три години пред денот на влегувањето во сила на овој закон.

Членот 11 дозволува граѓаните со депонирани девизни влогови, со откуп на депонирани девизни влогови со денари стекнати по основ на продажба на ефективни странски средства, цената на деловниот простор

да ја платат со намалување за 15%. Меѓутоа, во овој случај девизните штедачи може да бидат и целосно исклучени, ако има- ме предвид дека предимствено право со такви средства ќе го реализираат сосопствениците и оние кои моментално сега го држат под закуп деловниот простор. Ако имаме предвид дека на овој начин со предимствено право на девизните штедачи можно е да се обезбеди 1/5 од вкупните девизни штедни влогови на граѓаните заробени во банките, сметам дека е целисходно овој амандман, односно овој предлог за дополнување да биде наведен во членот 13 став 1.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Причините кои предлагачот овде за амандманот ги изнесе на ставот 1 на членот 13 држат целосно и моето мислење е дека во никој случај не смее ставот 1 да остане на ваков начин каков што е предложен од предлагачот, затоа што во тој случај спрема мене не треба да се носи законот, или не треба барем да се крсти закон за продажба, туку треба да се крсти како закон за поклон. Но сметам дека решението кое што се нуди. во амандманот не е целисходно од причини што може да се напаѓа од уставно - правна позиција, затоа што се дава право на предимство на единствена категорија граѓани која не е издржана. Мислам дека целосно решение би се постигнало за да се остварат причините и целите кои ги изнесе овде предлагачот Тодор Петров да се погледа амандманот од Абдурахман Алити и Алил Џафероски кој го решава проблемот одредбите да не би се напаѓале од овој амандман кои се акцептирани во него/ кои доаѓаат од преферирање на одредена категорија. Мислам дека правото за предимство единствено и исклучиво предимство, треба да остане само за сосопствениците на деловниот простор, каде што може да се влече право закупувачите на деловниот простор. Тоа право не треба да постои, иако постои во одредени позитивни прописи во законот

за прометот на земјиште и згради, мислам дека и таа одредба земјишта и згради правото на предимство на закупувачите е категорија која не соодветствува сега со уставните одредби и воопшто не е оргинерно право на прибавување на сопственост. Инаку доколку би останала одредбата од ставот 1 на член 13 на ваков начин каков што го дава предлагачот, тогаш мислам дека нема воопшто да се остварат целите кои самиот предлагач ги предлага во законот, туку ќе се создаде една ситуација овој Парламент и 12 0-те пратеници понесат одредена хипотека према обврските што ги има државата према девизните штедачи дека наново одреден општествен имот е распродаден во бесцена. Затоа предлагам овој амандман предлагачот да го повлече, а да се приклучи кон амандманот кој целосно го решава амандманот на предлагачите Абдурахман Алити и Алил Џафероски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор, Никој.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (11 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13 став 1, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1 и 2, поднесен од пратениците Абдурахман Алити и Алил Џафероски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. .

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

XV/5.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

За мене амандманот предложен од предлагачите Алил Џафероски и Абдурахман Алити е прифатлив од три причини. Првата причина е тоа што не може да има друг основ за предимствено право, освен сопственост. Втората причина е што со оваквата опфатност на предимствено право за купувачите кои најмалку три години го држеле под закуп ваквиот деловен простор, фактички повторно се репродукцира веќе еднаш користената привелегија. Ние сите по општините од каде што сме дојдени знаеме колку на товар на име кирија, ОДН-ЈСНО закуп- нина се користеа овие деловни простори. Сознанијата се такви дека далеку од реалната пазарна цена изнесуваше закупнината за користеа»е на овие деловни простори кои беа користени од СИЗ-от, што значи со ваквото давање на предимство еднаш веќе користената привилегија, повторно се репродуцира во евентуалното купување за овие лица повторно за нив да се направи, што ги става другите граѓани во една нерамноправна положба. И мислам дека вака гледано, а нам не ни е цел да носиме закони за такви членови кои што ќе ги стават самите граѓани во една подредена положба, за разлика од форсирањето на друга категорија на граѓани. Исто така сметам дека задржувајќи се на категоријата сосопственици, фактички сопственичкиот однос го издигнуваме на титуларство кое дава предност на купување на станот и никако поинаку. И на крајот третата причина е таа што ние носиме закон со кој сакаме да создадеме еден фонд на средства кој ќе биде со намена за обесштетување на граѓаните кои имаат заробени девизи. Сигурно дека поголема цена на евентуалната продажба ќе се постигне, ако се воведе лицитација, тоа е општо познато, отколку со почетната цена да се стартува со купување на стан со предимствено право од закупувачите а

кога носиме закон за интерес на државата да ја исполни таа функција, поголем интерес е на државата поголем број на станови, освен претходното предимствено право на сосопственици да ги дава на јавен конкурс или лицитација, што значи јавноста застапена, да биде рамноправно застапена и што е најбитно интересот на државата е поголем во тој случај.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас исто така како претходниот пратеник мислам дека овој амандман заслужува внимание до тој степен и да биде изгласан и мислејќи да дадам поддршка сега нешто и Панчо кажа околу таа работа но мислам основното е во следново. Кога ова Собрание пред две-три години го отвори процесот на приватизација во државата, зборувам за поширок процес на приватизација, во чии рамки треба да го гледаме и законот за приватизација, или за продажба на деловниот простор, одеше по логиката на следење на пазарот и не одеше со предимствено право на откуп на општествената досегашна сопственост кој дотогаш ја користел и мислам дека ова Собрание при приватизацијата на општествените претпријатија се кршеше во одлучувањето и донесе закон во - кој носителите на. општествената сопственост нема да имаат никакво предимство дека тој закон не се следеше во спроведувањето на приватизацијата на станбениот фонд од сосема други причини таму се одеше правото на носител на станарското право, не само предимство, туку исклучиво право на приватизација од сосема други причини.. . не гледам причина од законот за приватизација на Деловниот простор, односно од законот за продажба на деловниот простор не треба да се следи филозофијата од законот за трансформација на општествените претпријатија, каде што дефакто лицитацијата ќе биде она што ќе ја одредува вредноста и продавањето на новиот сопственик на имотот кој

е стекнат на таков начин. Мислам дека помеѓу другото се работи за еден континуитет во определбата на ова Собрание на целокупниот процес на трансформација, на општествената сопственост, овој пат во сферата на деловниот простор на начин на кој се договоривме уште во капиталниот закон за трансформација, мислам дека затоа по респект и поддршка да има овој амандман.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Јас би извлекол друг заклучок што господинот Поповски го изнесе пред мене. Од истите причини што граѓаните не требаше да останат без станови, да бидат бркани од становите во кои што живееле и по 30 години, за да не останат на улица без стан, сега една армија луѓе кои што работат под закуп во овие простории со општествен карактер, доколку тие немаат право и предимство на купување на тој деловен простор што тие по 20 и 30 години работат, тогаш ќе ни се јави армија од многу невработени, кои што 30 години работеле во таа дејност и остварувале своја егзистенција.

Според тоа, мислам дека би направиле голема грешка доколку ним не им се даде соодветно предимство и мислам дека исти критериуми тука би прифатиле како и при продажбата на општествените станови. Апсолутно предимство да имаат оние кои што имаат станарско право, а овдека оние кои што имаат со години закупено од тој деловен простор да можат таа животна функција и дејност да ја остваруваат. Инаку цел армија луѓе нови невработени ќе се јават во Републиката.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Мислам дека залагањата на ваков начин, прво сакам да прокоментирам дека Владата не го прифаќа овој амандман од причини што си ги промашува целите со кои го предлага законот. Ако целта е од

овој имот да се оствари што поголема ефектива и корист, да може Владата да се ослободи и државата од хипотеките кои ги има наследено на себеси, тогаш би било логично овој амандман да биде прифатен.

Второ, мислам дека тезата дека сегашните закупувачи на тој деловен простор немаат право, не држи. Тие ќе имаат еднакво право со сите други субјекти да стартуваат при продажбата.

XVI/1.- ЛП/ЉР

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

И трето, дека тие закупувачи нема да останат на улица затоа што тој деловен простор не се пренаменува неговата функција туку останува во иста функција, да служи и понатаму, значи да се обаввуаат истите дејности во него. Доколку се обавуваат истите дејности, тогаш треба да работат соодветни граѓани кои ја работат таа дејност. Мислам дека таквите тези не држат и овој Парламент, уште еднаш ќе повторам, носи голема хипотека доколку се прифати таквото решение во членот 13 став 1. Досега, на некој начин, со донесувањето на Законот при оваа Влада за продажба на станбениот простор овој Парламент го положи испитот. Со донесувањето на Законот за трансформација на општествениот капитал исто така го положи испитот и мора и денес, при донесувањето на овој Закон да го положи испитот и мислам дека се уште има време Владата да го прифати овој Амандман, да не се надгласуваме овде пратениците и да не лицитираме.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, јас неслучајно реков дека на членот 13 став 1 има разни амандмани, а и на член 14 став 1, кои одат едни против други, па можеме да направиме грешка кога би при- фатиле или би ги одбиле.

Предлагам да се даде пауза и ние да ги погледнеме добро тие амандмани за да можеме да се изјасниме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, сега е 19 часот.

Го прифаќам на министерот за финансии г--динот Џевдет Хајредини.

Ја прекинуваме седницата за вечерва, нејзиното продолжување дополнително ќе биде закажано.

(Седницата прекина со работа во 19,00 часот)